ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:**18-295/2

**Дата:** 23.02.2012

**ДО**

**МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ ТРАНСПОРТ АД - СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Македонски железници Транспорт АД - Скопје (во понатамошниот текст МЖ Транспорт АД - Скопје), за 2010 година.

Ревизијата утврди дека има делумен напредок во имплементацијата на препораките од претходната ревизија за 2008 година, со оглед на тоа што дел од препораките се имплементирани, а дел се во тек.

Со ревизијата за 2008 година искажано е негативно мислење за финансиските извештаи, додека за законското и наменско користење на средствата во финансиските трансакции искажано е мислење со резерва.

Ревизијата не изрази мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2010 година, додека за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизијата изрази негативно мислење.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај Македонски железници Транспорт АД - Скопје за 2010 година како позначајни ги истакнуваме следните слабости:

- Не е воспоставен систем на интерни контроли на начин кој што ќе обезбеди финансиското управување и контрола да се спроведува во сите организациони единици и на сите нивоа, со што би се намалил ризикот со управувањето на јавните средства (точка 4.1.1).

- Утврдени се слабости во функционирањето на интерните контроли при пресметувањето на приходите остварени од превоз на стоки и патници во железничкиот сообраќај и начинот на испораката и преземањето на електрична енергија (точка 4.1.2 и 4.1.3).
- Со поделбата на капиталот, средствата, правата, обврските и вработените на ЈП МЖ – Скопје на два правни субјекти ЈП МЖ Инфраструктура и МЖ Транспорт – АД, и по извршената проценка на вредноста на капиталот во 2007 година, при утврдување на вредноста на проценетиот имот и запишувањето на капиталот во МЖ Транспорт АД – Скопје не е земена во предвид старосната структура на железничките возила и на залихите, поради што утврдена е нереална проценета вредност на активата која пак се рефлектира во нереална проценета вредност на капиталот. Нереално зголемената вредност на материјалните средства, во кои процентот на учество на железничките возила со состојба на август 2007 година изнесува 87%, предизвикало во наредните периоди во финансиските извештаи да се искажуваат нереални трошоци за амортизација. ( точка 4.2.3, 4.2.6, 4.3.2, 4.3.7 и 4.3.8).
- Не се донесени актите предвидени во Статутот (Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните места, Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања, Колективниот договор, и други акти) со кои ќе се уредат правата и обврските на работниците и работодавачот, и не се донесени актите кои произлегуваат од меѓународната регулатива со кои ќе се регулира дејноста на железничкиот сообраќај согласно важечката законска регулатива. (точка 4.2.1 и 4.2.2).
- Евидентиран е гудвил со 31.12.2008 година, врз основа на ревизорски извештај за посебни цели за утврдени фактички наоди, од мај 2009 година, заради анулирање на дебалансот помеѓу активата и пасивата во билансот на состојба, кој отстапува од гудвилот утврден со МСФИ и МСС. (точка 4.3.9).
- Не се обезбедени јавни исправи (дозвола за вршење на јавен железнички превоз и сертификат за сигурност) согласно Законот за железнички систем, кои се основни документи за превозникот за вршење на услуги од јавен превоз на железничката инфраструктура. (точка 4.2.4).
- Не е спроведен целосен и квалитетен попис на имотот, особено во делот што се однесува на градежните објекти и железничките возила, а расходуваните средства од минати години и во 2010 година кои претставуваат значајна ставка, не се искажани во посебни пописни листи. (точка 4.2.5).
- Не се води евиденција и не се преземаат навремено активности за отуѓување на расходуваните средства (патнички и товарни вагони, и локомотиви) согласно законските прописи. (точка 4.3.7).

- Евидентирани се објекти за кои не се обезбедени соодветни документи како доказ за правото на сопственост односно користење. (точка 4.3.11 и 4.3.12).
- Друштвото располага со патнички вагони и електрични локомотиви набавени во 2000 и 2001 година од Швајцарија, по склучени договори за изнајмување – продажба на лизинг по пат на финансирање и рок на отплата од 9 односно 10 години, кои обврски не се плаќаат, иако рокот е изминат, поради што постои ризик од губење на сопственоста над средствата. (точка 4.4.1).
- Евидентиран е приход по основ на условни дисконти по кредити и камати со странски железници преку отпис на обврски без исполнување на условот за навремено и редовно плаќање на ратите (ануитетите) согласно планот за отплата утврден во договорите. (точка 4.3.1).
- Искажани се трошоци за извршени услуги за поправка на товарни и патнички вагони и трошоци за пристап и користење на железничка инфраструктура на база на некомплетна и неверодостојна сметководствена документација со можен ризик од исплата на средства за неизвршена или неквалитетно извршена услуга. (точка 4.3.3, 4.3.4, 4.3.5 и 4.3.6).
- Утврдени се недоследности во имплементацијата на Законот за јавни набавки (точка 4.4.2 и 4.4.3).

Со цел подобрување на состојбата искажана во финансиските извештаи на МЖ Транспорт АД – Скопје, ревизијата даде препораки во насока на превземање на активности за надминување на состојбите од минати години во однос на поделбата на капиталот во 2007 година, преку донесување на правилниците и другите акти согласно Статутот, подобрување на системот за интерни контроли и спроведување на целосен и квалитетен попис, со особено внимание на расходуваните железнички возила од аспект на водење на евиденција и навремено преземање на активности за нивно отуѓување. Заради безбедно одвивање и функционирање на железничкиот сообраќај од страна на превозникот овластен за вршење на јавен превоз потребно е да се обезбеди дозвола за вршење на јавен железнички превоз и сертификат за сигурност со исполнување на условите согласно Законот за железничкиот систем. Трошоците за пристап и користење на инфраструктурата и за одржување на железничките возила, да се евидентираат на база на веродостојна документација а при искажувањето на приходот да се почитуваат сметководствените политики. Одговорните лица во Друштвото да преземат мерки и активности за обезбедување на документи заради запишување на сопственоста на недвижните ствари во надлежните катастри. Ревизијата даде препораки при спроведувањето на постапките за јавни набавки, во насока надминување на утврдените слабости со што ќе се изврши избор на најповолен понудувач за набавка на стоки, работи и услуги.

Во поглавјето 6 системски слабости ревизијата ги истакна измените на законските прописи за железнички сообраќај по кои не се донесени подзаконски акти, а се од исклучителна важност за безбедно одвивање и функционирање на железничкиот сообраќај.

Во поглавјето за нагласување на прашања за неизвесност или континуитет, точка 7 од ревизорскиот извештај, ревизијата ги обелодени состојбите во врска со:

- доспеаните долгови кон државата со состојба на 31.12.2010 година што произлегуваат од платени обврски од Владата на Република Македонија во име на МЖ Транспорт АД – Скопје и состојбите во врска со конвертирање на доспеани обврски во траен влог на Владата на Република Македонија.

- добиени средства како финансиска помош за подмирување на тековните обврски на МЖ Транспорт АД Скопје, врз основа на донесени одлуки од Владата на РМ за одобрување на средства од Буџетот на РМ преку МФ – функции на државата.

- судските спорови на МЖ Транспорт АД - Скопје во кои е тужител или тужена странка, со посочување на позначајни судски спорови.

Ревизијата препорачува надлежните органи за управување и раководење со Друштвото МЖ ТРанспорт АД – Скопје во соработка со единствениот акционер, Владата на Република Македонија, да преземат конкретни мерки за подобрување на начинот на кој ја извршува дејноста МЖ Транспорт АД – Скопје за надминување на неповолната финансиска состојба.

Од страна на законскиот застапник на субјектот добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат елементи за промена на констатациите искажани во Нацрт извештајот.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 41 до 44 заедно со ревизија на усогласеност на Македонски железници Транспорт АД - Скопје (во понатамошниот текст МЖ Транспорт АД - Скопје ) кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на успех за годината која завршува со тој датум, Преглед на промените на капиталот и резервите за 2010 година, Извештај за паричниот тек, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија за 2008 година на финансиските извештаи на МЖ Транспорт АД – Скопје и искажано е негативно мислење за финансиските извештаи, додека за законското и наменско користење на средствата во финансиските трансакции искажано е мислење со резерва.
За годината која `и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Благоја Крстевски - Генерален директор на МЖ Транспорт АД – Скопје, до 12.05.2010 година.
- Оливер Деркоски - Генерален директор на МЖ Транспорт АД – Скопје, од 12.05.2010 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и

изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на МЖ Транспорт АД - Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност. Поради прашањата опишани во делот „Делокруг на ревизијата - ревизорски постапки" ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз годишната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските

извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Кај субјектот, со планот за поделба на капиталот и средствата, и по проценката на вредноста на капиталот, утврдени се состојби кои кои имаат влијание на презентирање на состојбите во финансиските извештаи за 2010 година, евидентиран е гудвил со 31.12.2008 година, заради анулирање на дебалансот помеѓу активата и пасивата во билансот на состојба, кој отстапува од гудвилот утврден со МСФИ и МСС. Не се воспоставени интерни контроли во сите организациони единици и на сите нивоа, утврдени се слабости во функционирањето на интерните контроли кај приходот од превоз на стоки и патници, не е спроведен целосен попис, особено во делот на градежните објекти и железничките возила, не се води евиденција и не се преземаат навремено активности за отуѓување на расходуваните железнички возила, евидентиран е приход по основ на условен дисконт по кредити и камати со странски железници и искажани се трошоци за поправка на товарни и патнички вагони и за пристап и користење на железничката инфраструктура, за кои не се обезбедени комплетни и веродостојни сметководствени документи.
Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи за 2010 година.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 23.05.2011 до 31.07.2011 и период од 01.09.2011 до 25.11.2011 година кај МЖ Транспорт АД - Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2008 година. Резултатите од оваа ревизија се презентирани во Прилог број 1 кој е составен дел на овој извештај.

Статусот на постапување по препораките од ревизијата е даден во следната табела:

| Статус на препораките на денот на вршење на ревизијата | 2008 година | |
|---|---|---|
| | **Број на препораки** | **Во %** |
| Спроведени | 10 | 35% |
| Делумно спроведени | 7 | 24% |
| Во тек | 12 | 41% |
| **Вкупно** | **29** | **100%** |

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 07.12.2011 година.

Законскиот застапник на Македонски Железници Транспорт АД - Скопје достави Забелешки на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2010 година.
Забелешките се разгледани и не се прифатени, поради тоа што дел претставуваат известување за превземени мерки за надминување на констатираните состојби во наредниот период, за дел од забелешките субјектот известува за причините за утврдената состојба од ревизијата како и поради не доставена дополнителна документација со која би се оспориле наодите на ревизијата.

## 4.1 Интерни контроли

Врз основа на меѓународниот стандард за ревизија 315 - Идентификување и проценка на ризиците од матерјално погрешно прикажување преку разбирање на ентитетот и неговото опкружување, ревизијата во МЖ Транспорт АД - Скопје ги констатира следните слабости во интерните контроли:

4.1.1 Не е воспоставена целосна организациска структура и процедури за работа со кои ќе се обезбеди функционирање, следење и развој на стабилно финансиско управување и контрола во 2010 година. Финансиското управување и контрола потребно е да се спроведува во сите организациони единици и на сите нивоа на субјектот и ги опфаќа вкупните средства на субјектот, вклучувајќи ги средствата и од други извори. Имено, во МЖ Транспорт АД – Скопје во 2010 година не е обезбедено:

- целосна поделба на одговорностите и надлежностите,
- јасни правила, права и обврски и нивоа на известување,
- не се донесени процедури за овластување и одобрување, ex-анте и ex-пост финансиска контрола, кои ќе овозможат целосно, точно, прецизно и ажурно сметководство на сите трансакции.

Во декември 2010 година започнато е формирањето на секторот за внатрешна ревизија, во 2011 година донесен е прирачник за процедури, за контролни постапки во процесот на ex-анте финансиската контрола на документацијата што ги генерира финансиските обврски произлезени од процесот на набавка на производи, материјали и услуги, кој е во примена од 01.04.2011 година.

Во 2009 година, формирана е работна група од 14 лица (раководители на Подружници, одделенија и отсеци) за изготвување на Стратегија за управување со ризици. На увид на ревизијата дадена е Конечен Стратегија за управување со ризици, од 19.11.2009 година, која `сеуште не е донесена и не е во примена.

Поради непревземените активности, Друштвото не е во можност да ги намали ризиците на работењето со што се создава можност управувањето со јавните средства, да не е законски, економично, ефикасно и ефективно.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење во МЖ Транспорт АД – Скопје да воспостават целосен систем на интерни контроли, со донесување на пишани процедури и постапки на сите нивоа на работење и да се обезбеди нивно спроведување, со цел да се обезбеди ефикасен систем на финансиски менаџмент и контрола во сите процеси на работењето.

4.1.2 При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на пресметување на *приходот остварен од превоз на стоки и патници* во домашниот и меѓународниот железнички сообраќај, констатирани се следните недоследности:

- Фактурите во сметководствената евиденција не се потврдени со печат и потпис од ликвидатор кој треба да изврши формално правна и математичка контрола.
- Спецификациите, кои се прилог на фактурите, не се потврдени со печат и потпис од извршената проверка и контрола од страна на одделението за контрола на приходи.
- Во спецификациите не се назначува согласно кој член од договорот и на кој начин е добиена повластената цена која е применета во пресметката односно директно се внесува повластената цена која може да биде намалена по два основа.

- Кон пресметката за извршеното намалување на цените за 0,65 еур/тон од страна на Станицата Скопје – Југ согласно чл 2 т 4 ст 1 и 2 од договорите склучени со корисниците за превозни услуги, не е приложен доказ – образец КОЛ 4, со кој ќе се провери и потврди исправноста на применетата намалена цена од страна на друго лице или од одделението за контрола на приходите.
- Во дел од спецификациите извршени се корекции на цените и пресметаната вредност, без да е дадено образложение од кои причини е направена корекцијата и од кое лице.
- За извршеното дополнително намалување на цените за 0,35 еур/тон од страна на станицата согласно чл 2 т 5 од договорот, по основ на локално царинење, нема документ за потврда при пресметката.
- При одобрување на дополнителна комерцијална повластица по барање на комитентот и по извршената проверка на документацијата од страна на одделението за контрола на приходите, во пресметките се врши внесување на податоци за исполнет услов од образецот КОЛ 4 од страна на станицата, без проверка, контрола и потпис од друго лице.

Поради горенаведените состојби, односно невоспоставена целосна интерна контрола постои ризик од погрешно пресметување на приходите и одобрување на повластици како и помалку остварен приход.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење во МЖ Транспорт АД – Скопје при пресметка на приходот да воспостават организациска структура и процедури со кои ќе се обезбеди целосно спроведување на интерните контроли со потврда од извршената контрола.

4.1.3 Со увид во начинот на испораката и преземањето на електричната енергија за потребите на МЖ Транспорт АД Скопје, регулиран со договор за снабдување на електрична енергија од АД Електрани на Македонија, ревизијата констатира дека не е донесен пишан акт, процедура, ниту е воспоставен систем на интерни контроли при читањето на броилата. Имено, испораката и преземањето не електричната енергија се врши на неколку пункта и тоа: ТС Скопје 1 Миладиновци, ТС Скопје 4 Драчево, ТС Валандово, ТС Мелитково и ТС Згрополци ЕТР. Мерењето на испорачаната електрична енергија се врши со мерни уреди кои се вградени во горе наведените објекти кои треба да бидат пломбирани и баждарени на начин и рок утврден со закон и други прописи. Читањето на електричните броила за испорачаната електрична енергија се врши еднаш месечно од АД Електрани, без присуство на овластено лице од МЖ Транспорт АД Скопје. Оваа состојба создава ризик од нереално фактурирање на испорачаната и потрошената електрична енергија, која претставува значајна ставка во расходите на МЖ Транспорт АД Скопје.

**Препорака**

Одговорното лице да донесе пишана процедура со јасно дефинирани и разграничени надлежности со што ќе се обезбеди контрола при читањето на електричните броила во присуство на претставници од двата правни субјекти, со цел утврдување на реалната потрошувачка на електрична енергија што се фактурира и ја троши на МЖ Транспорт АД Скопје.

**Информациони системи**

4.1.4 Во МЖ Транспорт АД – Скопје не е воспоставен електронски систем за евидентирање и искажување на побарувањата и обврските во странска валута. Одделението за книговодствени работи врши рачна пресметка на курсните разлики со помош на оперативната евиденција на девизните износи по фактури, плаќања или наплата. Ваквиот начин на работење оневозможува тековно следење на достасаните обврски и побарувања во странска валута, како и ја отежнува постапката на сведување на побарувањата и обврските на среден девизен курс на НБРМ на крајот на секој пресметковен период, со што е зголемен ризикот од грешки. Овој начин на пресметка може да има за ефект преценување/потценување на побарувањата, обврските, односно приходите/ расходите искажани во странска валута на денот на билансирање, по основ на курсни разлики за соодветен период.

**Препорака**

Органите за управување и раководење во МЖ Транспорт АД – Скопје да преземат соодветни активности за имплементација на електронска евиденција на побарувањата и обврските со трансакциите во странска валута со што би се олеснил процесот на сведување на побарувањата и обврските по важечкиот курс на крајот од пресметковните периоди, а истовремено би се намалил ризикот од грешки.

4.1.5 Ревизијата констатира дека не се користи инсталираниот систем за електронско следење на полното работно време и на прекувремената работа за работните места кои не се поврзани со теренската работа. Пресметувањето и евиденцијата на платата кај овие вработени се врши врз основ на воведена хартиена, рачна евиденција што не е во согласност со член 116 став 7 од Законот за работни односи според кој, работодавачот кој има над 25 вработени и кај кого процесот на работа се врши на една локација, е должен да води електронско евидентирање на полното работно време и на прекувремената работа. Некористењето на софтверот може да влијае на точната евиденција на одработените часови при пресметка на плати на вработените.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење во МЖ Транспорт АД – Скопје да извршат имплементација на инсталираниот систем за електронска евиденција на работното време во МЖ Транспорт АД - Скопје за оние работни места кои не се врзани со теренската работа како би можело да се обезбеди електронска евиденција на работното време.

## 4.2 Усогласеност со закони и прописи

4.2.1 МЖ Транспорт АД – Скопје нема донесено Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните места, со што не е постапено согласно член 41 од Статутот, од 24.09.2010 година (пречистен текст) и член 47 од Деловникот за работа. Согласно член 62 од Статутот, до донесување на актите на друштвото, се применуваат актите на ЈП МЖ – Скопје, доколку не се во спротивност со Закон и овој Статут, поради што Акционерското друштво Транспорт го применува Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на ЈП МЖ – Скопје, од декември 2001 година, на кој што се извршени измени и дополнувања во текот на 2010 и 2011 година. На увид на ревизијата даден е Предлог текст на Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните места од јуни 2009 година, кој не е усвоен.

Ефектот од недонесените акти во досегашниот период е неусогласеност на бројот на работни места по назив и видови на работни задачи кое доведува до несоодветно организирање и поделба на одговорности и надлежности согласно новонастанатите состојби, по поделбата на ЈП МЖ на два субјекти и основањето на Друштвото во 2007 година.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење во МЖ Транспорт АД – Скопје да донесат акт со кој ќе се уредат сите прашања кои се однесуваат на организацијата и систематизацијата во Друштвото согласно Статутот, Деловникот за работа и важечката законска регулатива.

4.2.2 Во МЖ Транспорт АД - Скопје правата и обврските на работниците и работодавачот, се утврдуваат согласно Законот за работни односи и Општиот колективен договор во јавниот сектор на РМ и други прописи, од причина што не е склучен Колективен договор меѓу МЖ Транспорт АД - Скопје и Синдикатот на вработените (на увид е дадена работна верзија под бр.429/1 од април 2011 година). МЖ Транспорт АД – Скопје, при пресметка и исплата на платите на вработените, го применува Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на ЖТП Скопје, од 20.03.1992 година.

Во октомври 2008 година донесен е Правилник за безбедност и здравје при работа на МЖ Транспорт АД – Скопје, според кој Друштвото треба да донесе Нормативен акт за лични заштитни средства и опрема, со кој УО ги определува средствата за заштита при работа за секое работно место пооделно, како што е предвидено и со член 53 од Статутот, што не е направено. Исто така, во МЖ Транспорт АД – Скопје не се донесени актите кои произлегуваат од меѓународната регулатива со кои се регулира дејноста на железничкиот сообраќај, освен правилниците и одлуките како дел од системот за сигурносно управување во железничкиот сообраќај, донесени од страна на УО на МЖ Транспорт АД – Скопје во јуни 2011 година.

Напред наведеното не е во согласност со член 19 и 53 од Статутот и член 47 од Деловникот за работа што може да влијае на квалитетот и навременото извршување на работите и работните задачи од страна на вработените во функционирањето на субјектот како превозник во железничкиот сообраќај.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење во МЖ Транспорт АД – Скопје да го донесат Колективниот договор, Правилникот за плати и останатите акти, со кои ќе се уредат правата и обврските на работниците и работодавачот, како и другите акти од областа на меѓународната регулатива со кои ќе се регулира дејноста на железничкиот сообраќај, согласно Статутот, Деловникот за работа и важечката законска регулатива.

4.2.3 Во 2007 година извршена е поделба на капиталот, средствата, правата, обврските и вработените на ЈП Македонски железници – Скопје, на два правни субјекти. ЈП МЖ Инфраструктура и МЖ Транспорт – АД, за што изготвен е План за поделба, објавен во „Службен весник на РМ„ бр. 58/07. Со планот за поделба и по извршената проценка на вредноста на капиталот, во МЖ Транспорт АД – Скопје утврдени се одредени состојби кои се рефлектираат и имаат свое влијание во наредните години и во 2010 година, поради следното:

- Вредноста на проценетиот имот изнесува 4.268.888 илјади денари и е еднаква на вкупната актива по проценета вредност, кој што износ е запишан во Централниот регистар и во Акционерската книга, како вредност на акционерскиот капитал во целосна државна сопственост. Имено, при поделбата на ЈП МЖ на два субјекта, според податоците во книговодствената состојба, кај МЖ Транспорт АД , пасивата/обврските се утврдени на поголем износ во однос на активата/средствата односно добиена е негативна вредност на капиталот во износ од 6.329.557 илјади денари, и обратно кај ЈП Инфраструктура. На ваков начин е создаден акционерскиот капитал во МЖ Транспорт АД кој предизвикал да има дебаланс од 6.329.557 илјади денари кој е зголемен за 992.865 илјади денари

по извршената проценка, а заради постигање на билансна рамнотежа книжен е гудвил во износ од 7.322.422 илјади денари.

- Со извештајот за проценка на капиталот од април 2007 година, извршено е зголемување на активата од 1.605.911 илјади денари и намалување на пасивата од 7.935.468 илјади денари, со што по извршената проценка се добива негативната вредност на капиталот од минус 2.944.815 илјади денари.
- Утврдени се разлики во податоците за вредноста на активата и пасивата што се однесуваат на книговодствената и проценетата состојба, искажани во Планот за поделба во однос на податоците во Делбениот биланс со 31.12.2006 година во трговските книги на МЖ Транспорт АД - Скопје.
- Во планот за поделба нема детален опис на распределбата на имотот, правата и обврските помеѓу двата новоосновани правни субјекти.

Исто така, при утврдувањето на проценетата вредност на одделни позиции во активата од страна на проценителите (пред да се изврши поделбата) не се земени во предвид следните работи:

- во моментот на превземање на средствата и пред да се изврши проценката, не е направен попис односно не е утврдена фактичката состојба.
- старосната структура на железничките возила (локомотивите, патничките и товарните вагони) и нивните технички карактеристики кои во голем дел не одговараат на меѓународните стандарди за превоз на стоки и патници, а дел се во состојба на расходување односно касација и нивна продажба како старо железо.
- поголем дел од железничките возила се неактивни – неангажирани односно вон употреба подолг период поради истечен рок на важност за сообраќај (неизвршена ревизија која задолжително се врши на одреден број на години и поминати км во зависност од видот на превозното средство).
- не е утврдена старосната структура на залихите, односно неупотребливи залихи, поради што истите по проценката останале на исто ниво.
- спроведено е книжење на проценетата вредност на побарувањата и обврските во сметководствената евиденција, по извештајот за проценка, преку аналитички конта во рамките на сомнителните и спорни побарувања од купувачите и обврските према поврзани субјекти.

Поради горенаведеното утврдена е нереална проценета вредност на активата која се рефлектира во нереална проценета вредност на капиталот односно акционерски капитал запишан во Централниот регистар.

Ревизијата констатира дека со проценката нереално е зголемена вредноста на материјалните средства, посебно на железничките возила во кои процентот на учество на железничките возила е 87% од вкупните материјални средства во август 2007 година, што предизвикало во наредните периоди во трговските книги и ФИ да се искажуваат нереални трошоци за амортизација пресметани на база на набавната проценета вредност на средствата кои се за расход или вон

употреба, како и книжење на нереална отпишана сегашна вредност при ставањето на средствата во расход.

Утврдените состојби не се во согласност со Правилникот за водење сметководство – МСФИ И МСС, и член 469, 472 и 521 од Законот за трговските друштва и има влијание на реалноста и објективноста во презентирањето на позициите во финансиските извештаи.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење во МЖ Транспорт АД – Скопје да преземат мерки и активности за надминување на состојбите од минати години кои влијаат на неуверување во точноста на почетните состојби и влезните податоци во трговските книги и ФИ при поделбата во 2007 година.

4.2.4 Согласно Законот за железниците односно Законот за железнички систем, и договорот склучен со Управителот на инфраструктура, МЖ Транспорт АД - Скопје има обврска да обезбеди и достави *дозвола за јавен превоз* и *решение за безбедност* до ЈП МЖ Инфраструктура за да може да врши услуги од јавен превоз на железничката инфраструктура. Субјектот има дозвола за вршење на јавен превоз во железничкиот сообраќај, од 27.05.2009 година, издадена од надлежното министерство, со важност од 5 години и полиса за задолжително осигурување на патници во јавниот превоз од последица на несреќен случај (незгода), со важност од 17.04.2010 до 17.04.2011 година. Меѓутоа, кон барањето за добивање на дозвола за јавен превоз, субјектот нема презентирано доказ дека е финансиски способен односно документ од Централниот регистар на РМ за економска и финансиска способност и доказ дека е осигуран во осигурително друштво преку приложување на писмен документ дека е способен да ја надомести евентуалната штета настаната од вршење на дејноста, да може да гарантира покривање на штета во случај на несреќа во однос на патниците, багажот, товарот, поштенските пратки, трети лица и околина во согласност со закон и други прописи и со меѓународни договори кои ја обврзуваат РМ, со што не е постапено согласно одредбите од член 6 став 3 т 5 и 8 од Законот за железниците. Условите кои се предвидени во законот, субјектот мора да ги исполнува во секое време согласно член 6 став 6 од истиот.

До денот на вршење на ревизијата, МЖ Транспорт АД – Скопје нема обезбедено *решение за безбедност* од надлежното министерство, односно *сертификат за сигурност од Управата за сигурност* со што не е постапено согласно одредбите од член 12 од Законот за железниците односно член 19 од Законот за железничкиот систем кој е во примена од 17.04.2010.

Добивањето на дозвола за вршење на јавен превоз во железничкиот сообраќај без исполнување на сите услови наведени во законот, како и необезбедувањето на решение за сигурност може да доведе до зголемување

на ризикот од безбедно извршување на железничкиот сообраќај. Неизвршеното осигурување согласно законските прописи и необезбедениот документ дека е способен да ја надомести евентуалната штета настаната од вршење на дејноста, може да има за ефект губење на основно средство во случај на несреќа и неможност за надомест на штета.

Согласно член 135 од преодните и завршни одредби од Законот за железничкиот систем, МЖ Транспорт АД – Скопје е должен во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон да го усогласи своето работење согласно одредбите од овој закон, што не е направено (рок до 17.04.2011).

Во јули 2011 година поднесено е барање до Управата за сигурност, за издавање на сертификат за сигурност согласно Законот за сигурност во железничкиот систем (во примена од 17.04.2010), со прилог на правилници и одлуки како дел од системот за сигурносно управување во железничкиот сообраќај, донесени од страна на УО на МЖ Транспорт АД – Скопје во јуни 2011 година, по кое барање Управата за сигурност, до завршувањето на ревизијата, не се произнела односно нема донесено сертификат.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење во МЖ Транспорт АД – Скопје да ги обезбедат сите јавните исправи предвидени со законските прописи.

4.2.5 МЖ Транспорт АД – Скопје не ги применува во целост одредбите од Правилникот за начинот и роковите на вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба, со што не е постапено согласно член 473 од Законот за трговските друштва, поради следното:

- За градежните објекти не се изготвени пописни листи, врз основа на документи за сопственост, локација и големина на имотот.
- Пописните листи за извршен физички попис на основните средства, не се целосно пополнети и не ги содржат сите потребни податоци за усогласување помеѓу фактичката и сметководствената состојба, дел од пописните листи не се потпишани од сите членови на комисиите, а некои и воопшто не се потпишани.
- Дел од извештаите за извршен попис не се потпишани од сите членови на пописната комисија, а на извештајот од една комисија потпишано е друго лице кое не е претседател на пописната комисија.
- Не е извршен попис, односно ниедна комисија не е задолжена за попис на патничките вагони.
- Не е извршен попис на расходуваните средства во посебни пописни листи, освен кај пописот на товарните вагони.

Ваквиот начин на работење влијае на реалноста и објективноста на презентирање на средствата во Билансот на состојба со 31.12.2010 година.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење во МЖ Транспорт АД – Скопје да преземат мерки за квалитетно организирање и извршување на пописот на средствата и изворите на средствата, согласно законските прописи.

4.2.6 Во декември 2010 година УО донел Одлука за повлекување од употреба на неангажирани шински транспортни средства односно железнички возила (1 патнички вагон, 5 локомотиви и 162 товарни вагони) со вкупна набавна вредност по проценка од 172.760 илјади денари, отпишана вредност од 65.389 илјади денари и сегашна вредност од 107.371 илјади денари. По оваа одлука во 2010 година не е спроведено книжење односно средствата не се бришат од евиденција, туку истото се зема во предвид за наредната година, при што нема да се пресметува амортизација во 2011 година. Одлуката е донесена согласно МСС 36 и МСС 16, т. 55 и 56, според кои недвижностите, постројките и опремата треба да бидат отстранети од БС кога средството е перманентно повлечено од употреба и не се очекуваат идни економски користи.

Според податоците обезбедени за последната извршена ревизија (средна поправка) на товарните вагони се констатира дека, од сите наведени товарни вагони, само 4 можеле да бидат вклучени во сообраќај во 2010 година, а останатите претходно биле исклучени од сообраќај, поради истечен рок на важност за сообраќај, односно по истекот на 6 години од последната ревизија. Ова значи дека овие товарни вагони не биле вклучени во сообраќај во 2010 година, а голем дел од нив неможеле да вршат превоз и во претходните години од 2007 до 2009, а секоја година пресметувана е годишна амортизација по стапка од 10% на набавна вредност дадена со проценка во 2007 година.

Со ваквиот начин на работење не е постапено согласно Правилникот за водење сметководство - МСС 1 и МСС 16, и член 469 и 472 од Законот за трговските друштва, што има за ефект нереално и необјективно презентирање на трошоците и остварениот финансиски резултат.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење во МЖ Транспорт АД – Скопје да преземат мерки за анализа на сите основни средства од кои не се очекуваат идни економски користи и перманентно се повлекуваат од употреба.

## 4.3 Финансиски извештаи

### Биланс на успех

4.3.1 МЖ Транспорт АД – Скопје, во текот на 2008 година склучило Глобални и Билатерални договори со странски железници за неплатени обврски од 1996-2006 и 1991-1995 година, при што на Друштвото му се дадени условни дисконти по кредити и камати. Во зависност од договорите, кредитите се исплаќаат на рати и во различни временски периоди, со рок на отплата на 3 и 5 години. Согласно наведеното, МЖ Транспорт АД – Скопје одлучило годишно да ги приходува условните дисконти по кредити и камати според рокот на враќање, при што евидентиран е приход и вршен е отпис на обврски иако не е вршено навремено и редовно плаќање на ратите (ануитетите) согласно планот за отплата утврден во договорите. Во периодот од 2008 до 2010 година извршено е приходување на условни дисконти по кредити и камати од странски железници во вкупен износ од 392.129 илјади денари, од кои што за 2010 година изнесуваат 125.851 илјади денари. При тоа не е почитувана прифатената сметководствена политика за признавање на приходите од отпис на обврски според степенот на завршување, кога приходот може со сигурност да биде измерен и во согласност со одредбите на договорите за репрограмирање на долговите. Со ревизијата се констатира дека поради финансиски потешкотии, обврските по овој основ, во периодот од 2008 до 31.12.2010 година, не се плаќани навремено односно има доцнење на роковите. Состојбата на 31.12.2010 година на достасани, неплатени обврски по кредити по договорите за кои е одобрен условен дисконт, е проценета во вкупен износ од 323.391 илјади денари.

Со ваквиот начин на работење не е постапено согласно Правилникот за водење сметководство - МСС 1, МСС 18 и МСС 39 и член 469 и 472 од Законот за трговските друштва, што има за ефект нереално и необјективно презентирање на приходите и обврските во трговските книги и ФИ.

**Препорака**

Одговорните лица во Дирекцијата за економски и финансиски работи да ја почитуваат прифатената сметководствена политика и да ги признаваат приходите од отпис на обврски според степенот на завршување, кога приходот може со сигурност да биде измерен и во согласност со одредбите на договорите за репрограмирање на долговите, по исполнувањето на условот за навремено плаќање на обврските по договорите, врз основа на релевантни и веродостојни сметководствени документи.

4.3.2 Во Билансот на успех за 2010 година искажан е приход од поранешни години во износ од 158.622 илјади денари, што произлегува од зголемувањето на сметководствената вредност на обврските за персонален данок и придонесите од плати од 1997 и 1998 година, за извршената проценка на камата која би паднала на терет на субјектот, книжена по извештајот за проценка на вредноста на капиталот од април 2007 година. Обврските се платени и делумно отпишани согласно записници од надлежни институции и законските прописи во текот на 2007, 2008 и 2009 година, а зголемената вредност на обврските со проценката во износ од 158.622 илјади денари евидентирана преку ревалоризационата резерва влијаела на намалување на вредноста на акционерскиот капитал. Имено, ревизијата констатира дека по извршената проценка спроведени се книжења за зголемување/намалување на побарувањата и обврските кои влијаеле на вредноста на капиталот и создавање на аналитички сметки, конта, за нереални побарувања и обврски. Ваквиот начин на работење не е во согласност со Правилникот за водење на сметководство – МСС 1 и МСС 18, и член 469 и 472 од Законот за трговските друштва и има за резултат неправилно искажан приход за 2010 година.

**Препорака**

Одговорните лица во Дирекцијата за економски и финансиски работи да ја почитуваат прифатената сметководствена политика и да ги признаваат приходите по исполнување на критериумите утврдени со меѓународниот сметководствен стандард.

4.3.3 Во ФИ за 2010 година искажани се трошоци за тековно одржување - ревизија на товарни вагони (средна поправка) по фактури во вкупен износ од 31.665 илјади денари, во чија веродостојност ревизијата неможеше да се увери поради следното:

- не се наведени броевите на товарни вагони по тип и серија кои се вклучени во договорот, ниту пак постои писмен документ (барање односно интерна нарачка) од дирекцијата Товарен сообраќај или Подружницата за товарен сообраќај, пред донесување на одлуката за јавни набавки.
- не е усогласен и не е потврден обемот на работа/видови по фази и операции со норма часови.
- не се утврдени цените по норма час за секој вид на работа која влегува во извршувањето на ревизијата на товарните вагони.
- не се потврдени и не се усогласени фиксните цени за одделни типови и серии на товарни вагони.

- не е утврден рокот на времетраење на договорот, (освен дека времето на задржување на вагоните за ревизија е 60 дена) поради што и не се предвидени казнени пенали за ненавремено извршување на работите.
- фактурите не се потпишани и одобрени од одговорните лица за Товарен сообраќај и документацијата во налозите не е ликвидирана и одобрена од одговорен сметководител.

Ваквиот начин на работење не е во согласност со одредбите од член 18 до 37 од Законот за облигационите односи, член 16 и 21 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Правилникот за водење сметководство – МСС 1, и член 469 и 472 од Законот за трговски друштва. Резултатот од ваквото работење е можноста од исплата на средства за неизвршена или ненавремено и неквалитетно извршена услуга кои се однесуваат на безбедноста во железничкиот сообраќај.

**Препорака**

Одговорните лица во МЖ Транспорт АД – Скопје, да ги усогласат и одобрат сите неопходни елементи со добавувачот пред склучувањето на договорите за вршење ревизија на товарните вагони (средна поправка), а поправките да се вршат на претходно планирани и точно определени товарни вагони со цел да се обезбедат комплетни и веродостојни документи за потврда на искажаните трошоци.

4.3.4 Во 2010 година исплатени се средства за извршена главна поправка и модернизација на дизел моторен воз во износ од 12.418 илјади денари, за кои ревизијата не доби релевантни докази за потврда на извршената работа поради некомплетна и неверодостојна документација, и тоа:

- извршени се работи во период од март 2007 до август 2009 година, без претходно да се донесе одлука за јавна набавка и да се склучи договор.
- обемот на работите, редовни и дополнителни, како и вградениот материјал не се проверени и потврдени од КПО (контролно приемен орган) кој е задолжен за контрола на квалитет на поправка по фази на извршување што не е во согласност со Правилникот 241 и член 8 од договорот.
- по завршувањето на работите, а пред склучувањето на договорот, генералниот директор донел решение на 4.09.2009 година, за формирање на комисија за преглед на работите и вградениот материјал. По извршената контрола на документацијата од страна на комисијата, иако се утврдени голем број на неправилности во однос на количините, цените на материјалите и работите, не е извршена никаква промена во финансиската вредност односно останата е истата вредност која веќе била утврдена од добавувачот.

Ваквиот начин на работење не е во согласност со Правилникот за водење сметководство – МСС 1 и МСС 16, и член 469 и 472 од Законот за трговски друштва поради што ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на искажаните трошоци за главна поправка и модернизација на дизел моторниот воз што може да има за ефект ненаменска исплата на средства.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење во МЖ Транспорт АД – Скопје да преземат активности за утврдување на фактичката состојба со дополнителна проверка на документацијата и евентуална одговорност од одговорните лица.

4.3.5 Во 2009 и 2010 година извршени се услуги за поправка на патнички вагони во износ од 20.331 илјади денари, за кои ревизијата не доби релевантни докази за потврда на извршената работа поради некомплетна и неверодостојна документација, и тоа:

- склучени се договори без приложена документација за видот и обемот на работите (редовни и дополнителни) по цена и часови на договорени работи и чиј рок на времетраење не е утврден.
- извршено е фактурирање за редовни работи на поголем број на часови во однос на потребните часови утврдени и усогласени со записникот од 11.12.2007 година.
- на прегледите за дополнителни работи нема потпис од кој е задолжителен и истото не е во согласност со записникот од 11.12.2007 година и член 9 од договорот.
- на дел од издатниците на материјалите има извршено корекции со коректор без потпис на лицето што ја извршило промената и без образложение за причината.
- фактурите не се потпишани и одобрени од одговорните лица за Патнички сообраќај и документацијата во налозите не е ликвидирана и одобрена од одговорен сметководител.

Ваквиот начин на работење не е во согласност со Правилникот за водење сметководство – МСС 1 и МСС 16, член 16 и 21 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и член 469 и 472 од Законот за трговски друштва што може да има за ефект ненаменска исплата на средства.

**Препорака**

Одговорните лица во МЖ Транспорт АД – Скопје да преземат активности за целосно спроведување на интерните контроли заради обезбедување на комплетни и веродостојни сметководствени документи за потврда на извршените работи при поправка на патничките вагони.

4.3.6 Во 2010 година искажани се трошоци за пристап и користење на железничката инфраструктура во износ од 510.939 илјади денари, за кои ревизијата не доби релевантни докази за потврда на извршените услуги, поради следното:

- Спецификациите и дневните извештаи кои се добиваат од ЈП Инфраструктура, не се потпишани од одговорни лица во МЖ Транспорт АД – Скопје, како потврда за извршената услуга.
- Податоците кои се внесени во дневните извештаи (С-20) не се засновани на претходно усогласени податоци во стварниот графикон од Управителот на инфраструктура и патниот лист од превозникот, како што е наведено во *Објавата на мрежата*, документ кој е составен дел на договорот, за да се потврди исправноста на извршената услуга.
- Не се врши сметковна контрола на спецификациите од страна на ликвидатор или лице од одделението за економско работење во подружниците.

Ваквиот начин на работење упатува на отсуство на контролни активности за меѓусебно усогласување на податоците кај двата субјекти, како и необезбедување на веродостојни сметководствени документи што не е во согласност со Правилникот за водење сметководство – МСС 1 и член 476 и 472 од Законот за трговските друштва и има влијание на објективноста и реалноста на искажаните трошоци за пристап и користење на железничката инфраструктура.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење во МЖ Транспорт АД – Скопје да воспостават процедура и обезбедат соодветен стручен кадар со што ќе се обезбеди целосно спроведување на контролата на трошоците за пристап и користење на железничката инфраструктура, со потврда и доказ од извршената контрола од страна на овластените лица.

4.3.7 Во 2010 година извршен е отпис на расходуваните средства (22 патнички и 11 товарни вагони, 4 дизел моторни возови, 190 локомотиви, 3 патнички возила и 1 товарно возило) од евиденцијата во трговските книги, со вкупна набавна вредност од 306.989 илјади денари, исправка на вредност од 121.292 илјади денари и сегашна вредност од 185.697 илјади денари, што не е во согласност со Правилникот за водење сметководство - МСС 16 и член 11 од Уредбата за начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјалните средства. Според прописите, расходуваните средства и понатаму треба да останат во сметководствената евиденција, `се до моментот на нивно отуѓување, продажба или давање како донација на други правни или физички лица.

Расходот на овие средства не се заснова на претходно извршен увид на лице место и попис на средствата од страна на комисија, ниту пак се обезбедени и дадени поконкретни податоци за секој вагон и локомотива во смисла на исполнување на критериумите за расход кои се различни за секој пооделен вид на средство. Во одлуката не се дадени насоки за понатамошни активности во врска со расходот.

На ист начин е постапувано и со утврдениот расход со пописот за 2008 и 2009 година, со вкупна набавна вредност од 158.831 илјади денари, исправка на вредност од 47.317 илјади денари и сегашна вредност од 111.514 илјади денари, односно искнижен е од евиденцијата. На барање на ревизијата дали и каква активност е преземена по извршениот расход на секое основно средство, не се добиени податоци, освен за 4 расходувани товарни вагони од 2008 година. Во МЖ Транспорт АД – Скопје не се води евиденција за превземените активности за секое расходувано основно средство во смисла на извршена продажба или касација и продажба како старо железо или употребено за други намени. Вагоните стојат гарирани на пругите, а со тек на време губат од својата вредност, односно се подложни на распаѓање поради временските услови, а употребливите вагонски делови се подложни на кражби (отуѓување).

Поради наведеното ревизијата неможе да утврди со колкав број на расходувани основни средства располага МЖ Транспорт АД – Скопје (преземени со поделбата во 2007 година и расходувани по поделбата) поради што и не се знае дали и колку субјектот може да очекува идни економски придобивки од евентуалната нивна продажба на парче или како старо железо.

**Препораки:**

- Органите за управување и раководење во МЖ Транспорт АД – Скопје заедно со стручните служби да преземат активности за формирање на комисија која ќе ја утврди вредноста на расходуваните средства со извршен увид на лице место и ќе предложи решение за нивно отуѓување по пат на продажба со јавно наддавање, продажба во вид на старо железо по претходна извршена касација, или придобивање на материјал (делови) кои можат да се искористат за други намени.
- Да воведат помошна евиденција за превземените активности за секое расходувано основно средство по донесените одлуки за расход во 2008, 2009 и 2010 година.

**Биланс на состојба**

4.3.8 Ревизијата констатира дека податоците искажани во финансиските извештаи – Билансот на состојба за 2009 и 2010 година не одговараат на сметководствените податоци искажани во трговските книги кај следните позиции:

Кај Билансот на состојба на 31.12.2009 година ревизијата констатира:

- Побарувања по основ на продажба, според трговските книги искажана е состојба со негативна вредност од 263.979 илјади денари, а во Билансот на состојба искажана е вредност, од 51.117 илјади денари.
- Побарувања од поврзани субјекти, според трговските книги искажана е состојба од 259.805 илјади денари, а во Билансот на состојба искажана е вредност од 36.332 илјади денари.
- Одложените плаќања на трошоците според трговските книги изнесуваат 6.875 илјади денари, а во Билансот на состојба изнесуваат 98.498 илјади денари.

Поради наведеното вкупната актива и пасива во Билансот на состојба е зголемена за износ од 91.623 илјади денари, во однос на активата/пасивата искажана во трговските книги. Начинот на кој што е извршена промената на износите, е со директно зголемување односно намалување на одделни износи во активата односно пасивата.

Кај Билансот на состојба на 31.12.2010 година ревизијата констатира:

- Побарувањата по основ на продажба во трговските книги се искажани со негативна вредност од 11.156 илјади денари, а во Билансот на состојба се евидентирани на износ од 92.025 илјади денари.
- Побарувањата од поврзани субјекти во трговските книги се искажани на износ од 300.555 илјади денари, а во Билансот на состојба се евидентирани на износ од 197.374 илјади денари.

Ваквиот начин на работење не е во согласност со Правилникот за водење сметководство (МСС и МСФИ) и член 469 и 472 од Законот за трговските друштва и има за ефект нереално и необјективно презентирање на податоците во ФИ – Биланс на состојба.

**Препорака**

Одговорните лица во одделението за книговодствени работи да превземат активности за отстранување на причината која доведува до неусогласување на податоците во финансиските извештаи во однос на трговските книги заради правилно и точно внесување на податоците на база на трговските книги.

4.3.9 МЖ Транспорт АД – Скопје евидентирал гудвил под 31.12.2008 година во износ од 7.322.422 илјади денари, врз основа на ревизорскиот извештај за посебни цели за утврдени фактички наоди, од мај 2009 година. Гудвилот се состои од спроведени корективни книговодствени ставови за анулирање на дебалансот помеѓу активата и пасивата во билансот на состојба на МЖ Транспорт АД – Скопје при поделбата на ЈП МЖ – Скопје во 2007 година, констатирано во точка 4.2.3 погоре. Во ревизорскиот извештај понудени се две алтернативи за анулирање на дебалансот, преку акумулирана загуба или преку книжење на гудвил.

Гудвилот вака утврден отстапува од гудвилот утврден со МСФИ 3, според кој истиот претставува нематеријално средство купено во процесот на деловните комбинации и претставува идни економски користи што се очекуваат да се постигнат од деловните комбинации кои неможат да бидат лоцирани на посебно утврдени средства што се купени и не е во согласност со Правилникот за водење сметководство – МСС 38, според кој интерно создадениот гудвил не се признава како средство бидејќи тој не е ресурс кој може да се идентификува, контролира од страна на ентитетот и кој може веродостојно да се мери по набавна вредност.

Од моментот на евидентирање до 31.12.2010 година нема промена на вредноста на гудвилот односно МЖ Транспорт АД – Скопје нема направено проценка и нема признаено резервирање поради ошетување на признаениот гудвил што не е во согласност со меѓународните сметководствени стандарди.

Согласно наведеното ревизијата изразува неувереност во објективноста и реалноста на вредноста на нематеријалните средства во Финансиските извештаи за 2010 година.

**Препорака**

Одговорните лица во МЖ Транспорт АД – Скопје на крајот на секој пресметковен период да прават проценка на можното оштетување на нематеријалните средства и да ја утврдат и евидентираат веднаш како ошетување разликата помеѓу евидентираната и употребната, или нето продажната вредност.

4.3.10 Во финансиските извештаи искажани се долгорочни финансиски средства, во износ од 9.050 илјади денари по основ на добиени 52 обични акции во 2008 година од Организацијата на европските железници. Во изминатиот период вредноста на овие акции искажана во странска валута е корегирана врз основа на сведување на среден девизен курс на НБРМ на крајот на годината, наместо истите да се искажуваат по објективна вредност со признавање на соодветни загуби/добивки со промената на вредноста на акциите.

Ваквиот начин на работење не е во согласност со Правилникот за водење сметководство - МСС 1 и МСС 33 и член 469 и 472 од Законот за трговските друштва, што има за ефект необјективно и нереално искажана вредност на финансиските средства (долгорочни) и останатиот капитал, во трговските книги и ФИ за 2010 година.

**Препорака**

Одговорните лица во Дирекцијата за економски и финансиски работи на крајот на секој пресметковен период да вршат проценка на објективната вредност на вложувањата со признавање на соодветни загуби/добивки од сведување на вложувањата по објективната вредност во трговските книги и финансиските извештаи.

4.3.11 Во финансиските извештаи со состојба на 31.12.2010 година, евидентирана е сегашна вредност на градежните објекти во износ од 500.981 илјади денари, за кои не се обезбедени документи како доказ за сопственоста на градежните објекти, со податоци за локацијата и површина на имотот односно не е извршено усогласување и сведување на сметководствената на фактичката состојба со 31.12.2010 година. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите од Правилникот за начинот и роковите на вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба, член 473 од Законот за трговските друштва и член 155 до 158 од Законот за катастар на недвижности. Имотните листови со кои располага МЖ Транспорт АД – Скопје за дел од објектите, главно во Депо Кисела вода 2, гласат на име на РМ како носител на право на сопственост и корисник ЈП МЖ, а за останатиот дел од објектите во Скопје и во градовите Велес, Битола и Гевгелија не постои евиденција во Агенцијата за катастар на недвижности (АКН).

Необезбедената документација за сопственост која ќе биде основа за вршење на попис и потврдување на искажаните состојби на градежните објекти, влијае на реалното и објективно прикажување на вредноста на материјалните средства во трговските книги и ФИ.

Во текот на 2011 година преземени се активности за регулирање на постапката за упис на недвижните ствари на МЖ Транспорт АД – Скопје во јавните книги, за што донесени се заклучоци од страна на Владата на РМ, во октомври и ноември 2011 година, со дадени препораки и задолженија до МЖ Транспорт АД – Скопје и до сите инволвирани страни (АКН, МТВ и соодветните општини во РМ) во решавање на проблемот.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење во Транспорт АД да превземат мерки и активности за запишување на сопственоста во

надлежните катастри, а пописот на градежните објекти да се врши согласно законските прописи.

4.3.12 МЖ Транспорт АД – Скопје како акционерско друштво во целосна државна сопственост – корисник на недвижни ствари не води внатрешна евиденција на недвижни ствари на начин пропишан во член 93 од интерниот Правилник, од мај 2009 година. Субјектот не доставил податоци за сметководствената вредност на недвижни ствари со состојба на 31 декември тековната година, како и податоци за промените во внатрешната евиденција односно промени кај вредноста на недвижните ствари. Исто така, субјектот не доставил податоци до надлежното министерство за вкупната сметководствена вредност за движните ствари што ги користи со состојба на 31 декември во тековната година што не е во согласност со член 94 од интерниот Правилник, од мај 2009 година.

Ваквата состојба придонесува за необјективно и нереално прикажување на позицијата за материјални средства во финансиските извештаи, како и недостаток на податоци за вкупната вредност на недвижни ствари со кои располага РМ.

**Препорака**

Одговорните лица во МЖ Транспорт АД – Скопје да воведат евиденција на недвижните ствари во државна сопственост (книга за внатрешна евиденција) што ги користи друштвото и да достави податоци за сметководствената вредност на недвижните ствари со состојба на 31.12.2010 година до АКН и податоци за вкупната сметководствена вредност за движните ствари што ги користат до МФ.

4.3.13 МЖ Транспорт АД – Скопје потребно е да обезбеди чување и заштита на стварите, нивно економично и соодветно користење, и истите треба да се осигураат во согласност со прописите за осигурување, што не е направено во изминатите години од поделбата во 2007 година до денес. Не осигурувањето на стварите во државна сопственост може да има за последица, во случај на евентуална несреќа, неможност за надомест на штета.

**Препорака**

Одговорните лица во МЖ Транспорт АД – Скопје во наредниот период да вршат осигурување на целокупниот имот (недвижни и движни ствари) со кој располага субјектот.

4.3.14 Согласно меѓународните стандарди за ревизија, во текот на ревизијата испратени се конфирмации со цел потврдување и верификација на состојбата на побарувањата и обврските од купувачи во земјата и странство

со 31.12.2010 година. Со извршената анализа по спроведената постапка и добиените одговори од комитентите, се утврди следното:

- Кај побарувањата од купувачи во земјата со сметководствена вредност од 191.543 илјади денари, процентот на добиени и потврдени одговори изнесува 4% односно останува непотврден процент од испратените конфирмации, поради непотврдени и недобиени одговори, од 96%.
- Кај побарувањата од купувачи во странство со сметководствена вредност од 141.566 илјади денари, процентот на недобиени и непотврдени одговори изнесува 100%.

Согласно наведеното ревизијата не доби достатни и релевантни докази за потврда на објективноста и реалноста на искажаните побарувања со комитентите во земјата и странство, што може да има за ефект преценување/потценување на побарувањата и соодветно на тоа помалку или повеќе искажан приход за пресметковниот период.

**Препорака**

Одговорните лица во Дирекцијата за економски и финансиски работи да вршат усогласување на побарувањата/обврските со комитентите во земјата и странство најмалку еднаш годишно, со цел усогласување на искажаните состојби.

4.3.15 Согласно меѓународните стандарди за ревизија, во текот на ревизијата испратени се конфирмации со цел потврдување и верификација на состојбата на побарувањата и обврските од контокорентни односи со странските железници со 31.12.2010 година. Со извршената анализа по спроведената постапка и добиените одговори од комитентите, се утврди следното:

- За побарувањата од странските железници испратени се 5 конфирмации на вкупен износ од 3.944.785,35 еур односно 242.624 илјади денари (процент на покриеност од 99,82%) од кои добиен е одговор само од една странска железница (ЦФР К Романија) на износ од 120.518,52 еур односно 7.412 илјади денари, што претставува само 3% од вкупната вредност односно останува непотврден процент од испратени конфирмации од 97%.
- За обврските од странските железници испратени се 10 конфирмации во вкупен износ од 9.136.834,48 еур односно 561.961 илјади денари (процент на покриеност од 61%), од кои добиен е одговор од 5 комитенти кои ги потврдиле обврските на вкупен износ од 3.445.697,15 еур односно 211.928 илјади денари, а не е добиен одговор од останатите 5 комитенти за обврски во износ од 5.691.137,33 еур односно 350.033 илјади денари. Процентот на добиени и потврдени одговори изнесува 38%, односно останува непотврден процент од испратените конфирмации од 62%.

Согласно наведеното ревизијата не доби достатни и релевантни докази за потврда на објективноста и реалноста на искажаните побарувања и обврски од од контокорентни односи со странските железници, што може да има за ефект преценување/потценување на побарувањата и обврските во странска валута, односно преценување/ потценување на приходите односно трошоците за соодветен период.

**Препорака**

Одговорните лица во Дирекцијата за економски и финансиски работи да вршат усогласување на побарувањата и обврските од контокорентните односи со странските железници најмалку еднаш годишно.

4.3.16 Ревизијата констатира дека позицијата Суровини и материјали на залиха (залиха на гориво) во Билансот на состојба, не се реално и објективно прикажани, за вредноста на искажаниот талог на нафта во износ од 14.812 илјади денари. Вредноста на талогот произлегува од долгогодишното складирање на нафта во резервоарите на МЖ Транспорт АД Скопје и истиот е констатиран со пописот од 2010 година.

Искажувањето на загубите на средства во Билансот на состојба не е во согласност со точка 34 од МСС 2 – Залихи, кој бара било кое намалување на вредноста на залихите на нето реализираната вредност и сите загуби на залихите да бидат признаени како расход во периодот кога се случило намалувањето на вредноста или загубата. Оваа состојба доведува до нереално прикажување на расходите за соодветниот период во Билансот на успех, не се прикажуваат реално количините на употреблива нафта за дневна испорака на локомотивите и потрошените количини на нафта при дистрибуцијата по локомотиви и оневозможено е реалното планирање на идните набавки на нафта.

**Препорака**

Одговорното лице на субјектот да превземе мерки и активности за отстранување на неупотребливиот талог во резервоарите на МЖ Транспорт АД Скопје со цел реално прикажување на количината на употреблива нафта.

## 4.4 Користење на средства согласно законските прописи

4.4.1 Во финансиските извештаи за 2010 година во рамките на позицијата Материјални средства евидентирани се шински транспортни средства (патнички вагони и електрични локомотиви) со вкупна сегашна вредност од 81.106 илјади денари за кои МЖ Транспорт АД – Скопје не е `сеуште сопственик. Транспортните средства се набавени во 2000 и 2001 година од Швајцарија, по склучени два договори за изнајмување – продажба на лизинг по пат на финансирање и рок на отплата од 9 односно 10 години, со утврден

план за отплата на ануитети. Согласно член 2 од додатокот на договорите од мај 2008 година, сопственоста над средствата ќе биде пренесена на МЖ Транспорт АД - Скопје под услов целиот износ кој се должува да биде ефективно исплатен. До денот на ревизијата поради финансиски потешкотии главниот долг во вкупен износ од 3.600.000 еур не е платен, иако обврските се достасани на 8.12.2010 односно на 23.08.2011 година. Во периодот од 2007 година (од поделбата на ЈП МЖ) до денес железничките возила се евидентирани во трговските книги по проценета набавна вредност од вкупно 135.177 илјади денари, на која годишно е пресметувана амортизација по стапка од 10% во износ од 13.517 илјади денари, односно за 4 години вкупна амортизација од 54.071 илјади денари. Во изминатиот период средствата не се осигурани, и покрај обврската согласно Законот за лизинг, за задолжително осигурување на предметот сметано од датумот кога корисникот го примил на поседување до извршувањето на договорот за лизинг од корисникот.

Во текот на ревизијата обезбедени се и податоци за историјатот на патничките вагони и електричните локомотиви набавени по пат на лизинг, при што се констатира дека пред набавката и во текот на нивната употреба се извршени повеќе ревизии (средна поправка) и се реконструирани и модернизирани, за што се платени одредени средства за тековно и инвестиционо одржување.

Поради неисполнување на условот МЖ Транспорт АД - Скопје `сеуште нема добиено сопственост над средствата поради што постои и ризик од губење на сопственоста над железничките возила.

**Препорака**

Во наредниот период органите за управување и раководење во МЖ Транспорт АД – Скопје да преземат соодветни мерки и активности за исплата на долгот по договорите за набавка на железничките возила на лизинг заради стекнување на право на сопственост над истите.

**Јавни набавки**

4.4.2 Во 2010 година исплатени се аванси по склучени договори со економскиот оператор за набавка на услуга – тековно одржување на железнички возила на поголем износ од 20% од вредноста на договорот, и без обезбедена банкарска гаранција, што не е во согласност со член 49 став 2 и 3 од ЗЈН, во следните случаи:

- По договор бр. 213/1 од 10.03.2010 година, одобрен е аванс од 13.000 илјади денари наместо износ до 3.068 илјади денари, односно повеќе за 9.932 илјади денари.

- По договор бр. 992/1 од 23.09.2010 година, одобрен е аванс од 12.000 илјади денари наместо износ до 3.404 илјади денари, односно повеќе за 8.596 илјади денари.
- По договор бр. 232/1 од 12.03.2010 година, одобрен е аванс од 19.000 илјади денари наместо износ до 5.167 илјади денар и, односно повеќе за 13.833 илјади денари.
- Со состојба на 31.12.2010 година останува незатворен аванс во вкупен износ од 16.258 илјади денари.

Во договорите не е предвиден член за обезбедување на банкарска гаранција од економскиот оператор во висина на одобрениот аванс. На ваков начин се врши бескаматно финансирање на субјектот на терет на финансиските средства на МЖ Транспорт АД - Скопје.

**Препорака**

Одговорното лице, во случај на предвидено авансно плаќање во договорите со економските оператори, да се придржува кон пропишаната висина и задолжително да обезбедува банкарска гаранција во висина на одобрениот аванс.

4.4.3 Со извршениот увид во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки, констатирани се состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки, дадени во *Прилог број 2* на овој извештај, во износ од 81.000 илјади денари, и тоа:

- Во Отворената постапка за набавка на комплет Webasto AIR TOP 5000 и резервни делови реализирана во текот на 2010 година, во износ од 944 илјади денари, избраниот понудувач со кој е склучен договор имал документ за докажување на економска и финансиска способност со истечен датум, што не е согласно одредбите од член 140 став 7 и 8, член 150 став 1 алинеја 4 и член 162 и 165 од Законот. Понудите кои се оценети како неприфатливи не одат во понатамошниот тек на евалуација, со цел да се одреди рангот помеѓу прифатливите понуди и да се идентификува најповолната понуда, што претставува клучен елемент за транспарентност во процесот на набавки.
- Во Отворената постапка за набавка на бронзани лизгачки лежишта и осовинско лежиште за локомотива, реализирана во текот на 2010 година, во износ од 2.000 илјади денари, избраниот понудувач со кој е склучен договор, бил евалуиран но ги немал доставено списокот на главни испораки во последните 3 години, кој бил задолжителен елемент за утврдување на техничка способност, што не е согласно член 153 став 1 алинеја 1 и член 162 и 165 од законот. Со овој начин на доделување и склучување на договор за јавна набавка понудувачите

кои ги исполнувале условите за техничка и професинална способност биле ставени во понеповолна ситуација со што не е обезбедена фер конкуренција.

- Во неколку постапки за јавни набавки спроведени во текот на 2009 и 2010 година, во вкупен износ од 8.153 илјади денари, во правилата за изработка на тендерската документација во делот од техничката спецификација не се дефинирани потребните количини за набавка на стоки, односно дадени се по единечна мера (1 ), што не е согласно член 32 став 2, алинеја 5 од ЗЈН. Тендерската документација потребно е да ги содржи сите информации неопходни за конкретниот предмет на набавка со цел економскиоте оператори да можат квалитетно да ја поднесат својата понуда, `се со цел истата да се смета за прифатлива и да ја содржи вкупната вредност на понудата која треба да биде идентична со склучениот договор.
- Во дел од постапките за јавна набавка кои се спроведени со постапка со барање за прибирање на понуди со објава на оглас за 2010 година и во неколку постапки за јавна набавка спроведени со Отворена постапка за 2009 година, во вкупен износ од 29.340 илјади денари, во тендерската документација, критериумот квалитет за набавката не е јасно дефиниран, што не е согласно член 161 став 2 од ЗЈН и член 5 став 1 од Методологијата за изразување на критериумите за доделување на договорот за јавна набавка во бодови. Доколку договорниот орган го користи елементот „квалитет“ за критериумот економски најповолна понуда, тој треба неговите карактеристики да ги направи што е можно померливи и поточно да ги изрази и објасни во бодовите `, со цел да се избере соодветниот економски оператор.
- Во постапката со барање за прибирање на понуди со објава на оглас спроведена и реализирана во текот на 2010 година за набавка на дрвена граѓа, во износ од 1.230 илјади денари, доставено е известувањето за избор и склучен е договор со избраниот понудувач истиот ден кога е донесена Одлуката за избор на најповолен понудувач што не е во согласност со член 208 став 2 од ЗЈН (Пречистен текст). Договорниот орган не треба да го потпише договорот за јавна набавка во постапките со барање за прибирање за понуди со и без објава на оглас и да пристапи кон негово извршување во рок од 5 дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечното право во постапката.
- Во дел од постапките за јавна набавка кои се спроведени и реализирани во текот на 2010 година со постапка за барање за прибирање на понуди без објавување на оглас, во вкупен износ од 2.456 илјади денари, комисиите за јавни набавки на договорниот орган не изготвиле прецизна и јасна поедноставена тендерска документација која задолжително содржи технички спецификации на предметот на

договорот за јавна набавка, информации за начинот на подготовка и рокот за поднесување на понудите како и бодови за критериумите за избор на најповолен понудувач, што не е во согласност со член 33, член 101 од ЗЈН и член 1, 2 и 3 од Методологијата за изразување на критериумите за доделување на договорот за јавна набавка во бодови и може да има за ефект да не е јасен предметот на набавка како и да не се изврши избор на најповолна понуда.

- Во дел од постапките за јавна набавка кои се спроведени и реализирани во текот на 2010 година, во износ од 2.149 илјади денари, со постапка за барање за прибирање на понуди без објавување на оглас економските оператори кои конкурирале и кои биле евалуирани немале доставено документ за утврдување на способноста за вршење на професионална дејност. Имено присутна е појава на обезбедување на документ за утврдување на способност за вршење на професионална дејност, по избор на понудувач, што не е во согласност со член 102, став 2 од ЗЈН и може да има за ефект избор на понудувач без соодветна професионална способност.
- Во текот на 2010 година не е спроведена јавна набавка за осигурување на патници и за осигурување од незгоди. Склучен е Договор со добавувач и извршени се плаќања по фактури во вкупен износ од 728 илјади денари. На крајот на 2010 година спроведена е постапка за јавна набавка за осигурување на патници која се однесува за 2011 година.
- Во декември 2008 година склучен е договор со рок од една година со најповолниот понудувач, врз основа на спроведена постапка за јавна набавка, за количина од 5.000.000 литри Еуро дизел Гориво и 1.000.000 кг Мазут М-2. На 18.12.2009 година склучен е Анекс договор со кој важноста на основниот договор се продолжува до целосно исцрпување на договорените количини. Со реализацијата на договорот и анекс договорот за Еуро дизел Гориво за периодот од 2008 до 2010 година, надминати се предвидените количини со договорот за 779.465 литри Еуро дизел Гориво или 34.000 илјади денари. Со ваквиот начин на регулирање на должничко доверителските односи се избегнува спроведување на постапка за јавна набавка и се превземаат обврски по договор по кој се исцрпени количините и чие времетраење е изминато, што не е во согласност со Законот за јавни набавки.

Несоодветното и недоследното постапување при изборот и доделувањето на договорите за јавна набавка предизвикува можност за необезбедување на фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност, јавност при набавките и избор на најсоодветен економски оператор.

**Препораки:**

Одговорното лице на субјетот да превземе мерки и активности и тоа:

- Евалуацијата на понудите да се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација објавени во огласот за доделување на договорот за јавна набавка `се со цел да се избере најповолната понуда која ќе биде прифатлива за договорниот орган и да се овозможи објективност на постапката за јавна набавка.
- Договорниот орган при евалуација на понудите јасно да ги дефинира сите елементи од техничката и професионална способност на понудата, со цел да се овозможи фер конкуренција и да избере најповолниот понудувач.
- Тендерската документација да ги содржи сите информации неопходни за конкретниот предмет за набавка во делот на количините на стоките што треба да се набават со цел понудата да биде прифатлива и идентична со склучениот договор за јавна набавка.
- Договорниот орган во тендерската документација да го дефинира елементот квалитет, односно јасно да ги изрази неговите карактеристики за да бидат што е можно померливи со бодови.
- Во постапките со барање за прибирање на понуди со и без објава на оглас договорниот орган да го склучи договорот за јавна набавка и да пристапи кон негово извршување, откога ќе помине определениот законски рок за да може да обезбеди инструмент, со кој ќе докаже дека економските оператори ја добиле соодветната одлука, во облик на известување.
- Да се воспостави пракса за изготвување на поедноставена тендерска документација која задолжително ќе ги содржи техничките спецификации на предметот на договорот за јавна набавка, рокот за поднесување на понудите како и бодовите за критериумите за избор на најповолен понудувач со цел договорниот орган да изврши избор на понудувач кој ќе има дефиниран и јасен предмет на набавка.
- Комисиите за јавна набавка кои ги спроведуваат постапките за прибирање на понуди без објава на оглас кај договорниот орган да ја утврдат способноста за вршење на професионална дејност на економските оператори кои конкурираат за истите да бидат квалификувани за соодветната дејност поврзана со предметот на јавната набавка.
- Редовно да се спроведуваат постапките за осигурување на патници и осигурување од незгоди.
- Доследно да се следи реализацијата на договорите вредносно и количински со цел навремено да се започне со спроведување на новите постапки за јавни набавки.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесените наоди во точките 4.2.и 4.3 погоре кои се однесуваат на утврдени состојби со планот за поделба на капиталот и средствата и проценката на вредноста на капиталот, кое има влијание на нереалното и необјективно презентирање на состојбите во трговските книги и ФИ во наредните години и за 2010 година, евидентираниот гудвил со 31.12.2008 година, заради анулирање на дебалансот помеѓу активата и пасивата во билансот на состојба, кој отстапува од гудвилот утврден со МСФИ и МСС, утврдените слабости кај приходот од превоз на стоки и патници, не спроведениот целосен попис, особено во делот на градежните објекти и железничките возила, не се обезбедените документи за правото на сопственост односно користење на објектите, не водењето на евиденција и не превземањето активности за отуѓување на расходуваните железнички возила, евидентирањето на приход по основ на условен дисконт по кредити и камати со странски железници и искажувањето на трошоци за поправка на товарни и патнички вагони и за пристап и користење на железничката инфраструктура без обезбедени комплетни и веродостојни сметководствени документи, ревизијата не изразува мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2010 година.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2. и 4.3. од овој извештај, ние не бевме во можност да добиеме соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Македонски Железници Транспорт АД – Скопје на ден 31 декември 2010 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2, 4.3. и 4.4 од овој извештај, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Македонски Железници Транспорт АД – Скопје, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

## 6. Системски слабости

6.1. Во периодот од 2007 до 2010 година два пати извршена е измена на законските прописи кои се однесуваат на уредување на условите за безбедно, уредно и непречено одвивање на железничкиот сообраќај односно донесени се два закони, Законот за железниците („Сл.весник на РМ„ 58/07), донесен во април 2007 и Закон за железничкиот систем („Сл.весник на РМ„ број 48/10), донесен во април 2010 година, при што поради недонесени подзаконски акти во определените рокови по едниот односно другиот закон, и непостоење на објективни услови во РМ во однос на европските земји и стандарди, истите `сеуште неможат во целост да се применат. Поради наведеното, во изминатиот период во МЖ Транспорт АД – Скопје, во случај на набавка или реконструкција на железнички возила пред да се пушти во употреба се издава дозвола потпишана од генералниот директор на МЖ Транспорт АД и од директорот на Подружница Влеча на возови, по извршеното пробно возење, наместо да се применува член 21, 23 и 24 од Законот за безбедност, според кој техничкиот преглед го врши правно лице овластено од министерот за транспорт и врски, по претходно добиено мислење од Институтот за акредитација.

6.2. Согласно преодните и завршните одредби од Законот за безбедност во железничкиот сообраќај, („Сл. Весник на РМ бр.40/2007), односно Законот за сигурност во железничкиот систем, („Сл.весник на РМ бр.48/2010), надлежното министерство било должно во рок од 6 месеци од денот во влегување во сила, да ги донесе поблиските прописи кои ја регулираат материјата во овие два закона, што не е направено односно не се донесени Правилник за начинот и постапката за вршење на технички преглед на железничките возила односно Правилник за начинот и постапката за одржување на товарни вагони, кои се од исклучителна важност во делот на одржувањето на железничките возила на превозникот МЖ Транспорт АД – Скопје во смисла на безбедно и сигурно одвивање на превозот на патници и стоки. Поради наведеното МЖ Транспорт АД – Скопје `сеуште ги користи донесените Правилници 241 и 251 - за техничко одржување на железнички возила и за техничка колска дејност, од 1983 година.

## 7. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

**Обврски према државата**

7.1. Според информацијата изготвена од МЖ Транспорт АД - Скопје, доставена до Министерството за транспорт и врски и до Министерството за финансии, во април 2011 година, состојбата на *доспеан долг кон државата* за платени обврски кон странски кредитори и странски железнички претпријатија со 31.12.2010 година изнесува 71.384.415,62 еур или 4.390.498 илјади денари, по основ на:

- Платени обврски према странство од минати години пред поделбата во 2007 година, во износ од 3.928.317 илјади денари, за што била донесена Одлука од Влада на РМ во 2009 година за конвертирање во траен влог, која `сеуште не е реализирана.
- Париски клуб на доверители – за платен долг од Владата на Република Македонија на 8.06.2007 година, за кој МЖ Транспорт АД - Скопје и натаму се задолжува по старите амортизациони планови со камата и затезна камата во вкупен износ од 117.388 илјади денари.
- Светска банка - за целосно платен долг кон странство во износ од 54.483 илјади денари од страна на Владата на РМ на 11.06.2008 година, за кој што МЖ Транспорт АД - Скопје и понатаму се задолжува за главница и камата по нов договор со Министерството за финансии и амортизационен план, заклучно со 15.12.2018 година.
- Светска банка – реформи во железницата, за платен долг кон странство на 14.10.2008 година, во износ од 3.005 илјади денари.
- Еурофима, Базел - Швајцарија - за платена камата која стасувала на 30.06.2007 година, во износ од 2.865 илјади денари.
- Унгарски железници – МАВ - за платен долг – ануитет по договор во износ од 284.483 илјади денари.

Ревизијата препорачува Владата на Република Македонија, како основач на Друштвото, да ја разгледа состојбата со платените обврски од нејзина страна во име на МЖ Транспорт АД - Скопје и да преземе соодветни активности.

7.2. Во февруари 2009 година Владата на РМ донела Одлука за решавање на статусот на долговите на ЈП МЖ Инфраструктура и МЖ Транспорт АД, со која вкупните доспеани обврски на МЖ Транспорт АД - Скопје по основ на користени кредити од Еурофима и Париски клуб на доверители во износ од 3.109.393 илјади денари и вкупните обврски кон странски железнички претпријатија дефинирани со Законот за гаранција на РМ, настанати по основ на издадена државна гаранција во 2004 година, во износ од 13.383.575 еур односно 818.925 илјади денари да се конвертираат

во влог на Владата на Република Македонија. Согласно одлуката, во МЖ Транспорт АД, отпочната е постапката преку измена на Статутот со Одлука бр. 19-2694/1, објавена во „Службен Весник на РМ„ бр. 87/09 и поднесена е пријава за упис во Централниот регистар, кој пак ги упатил на Комисијата за хартии од вредност за добивање согласност за издавање на акции. Комисијата, со допис од 13.10.2009 година, го известил субјектот дека при спроведувањето на постапката за издавање на хартии од вредност треба да се почитуваат одредбите од Законот за хартии од вредност, односно побарал да се достави акт за издавање на акции од надлежен орган на Друштвото и целокупната документација пропишана со Законот и со подзаконските акти во зависност од видот на понудата, по што не е постапено. За да се заврши постапката на упишување на влогот, според МЖ Транспорт АД, потребно е измена на Законот за трансформација на ЈП МЖ или донесување на нов Закон за претварање на побарувањата на РМ по основ на платени обврски кон странски кредитори и доверители во траен влог на МЖ Транспорт АД, за што доставено е писмено известување до Министерството за финансии на ден 18.01.2010 година. На крајот од ова известување се бара пресметаната затезна камата за 2009 година од страна на Министерството за финансии на долгот од 3.928.317 илјади денари да се книжи вонбилансно односно да не се зголемуваат дополнително трошоците за околу 100.000 илјади денари.

До денот на ревизијата постапката не е завршена, а последен документ даден на увид на ревизијата е Извадок од Конечен- записник од 197 седница на Владата на РМ, бр. 51-17/195 од 01.12.2010 година, со кој се задолжуваат Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски во соработка со МЖ Транспорт АД да ги преземат сите неопходни мерки за решавање на статусот на старите долгови кои МЖ Транспорт АД - Скопје ги има наследено со трансформацијата на ЈП МЖ – Скопје.

7.3. Во текот на 2010 година на сметката на МЖ Транспорт АД - Скопје добиени се средства во вкупен износ од 285.000 илјади денари како финансиска помош за подмирување на тековните обврски на МЖ Транспорт АД Скопје, врз основа на донесени одлуки од Владата на Република Македонија за одобрување на средства од Буџетот на РМ преку Министерството за финансии – функции на државата, категорија 46 – Субвенции и трансфери, ставка 461 – Субвенции за јавни претпријатија, која што ставка не е предвидена и не е одобрена со Законот за извршување на Буџетот за 2010 година. Согласно член 4 од одлуките, половина од овие средства во износ од 142.500 илјади денари се искористени за подмирување на обврските кон ЈП МЖ

Инфраструктура. Исплатата на средства на овој начин ја намалува транспарентноста на трошењето на јавните средства.

7.4. Во периодот од 2007 до денот на вршење на ревизијата, МЖ Транспорт АД – Скопје склучува договори со Фабриката за шински возила „Велес“ ДООЕЛ – Велес за вршење на поправка на патнички и товарни вагони согласно заклучокот од Конечен записник, од Владата на Република Македонија, од јуни 2007 година, како единствена фирма овластена за ваков вид на работа во Република Македонија. Заклучокот е издаден пред поделбата на ЈП МЖ односно не гласи на име на МЖ Транспорт АД – Скопје. Постапувајќи по заклучокот, набавките не се вршат на начин како што е предвидено со Законот за јавни набавки со постапка со преговарање без претходно објавување на оглас. Ревизијата препорачува да се превземат активности со цел во целост да се почитуваат одредбите на Законот за јавни набавки со што ќе се обезбеди транспарентност на постапките за набавки на овој вид на услуги.

**Судски спорови**

7.5. МЖ Транспорт АД – Скопје води поголем број *спорови за побарувањата од купувачите* чиј што главен долг изнесува 285.122 илјади денари, 1.503.984 еур и 270.500 усд, односно сите искажани во денарска противвредност во износ од 390.152 илјади денари, по кои може да произлезат приливи на средства што не може конкретно да се квантифицираат до завршувањето на споровите. Против МЖ Транспорт АД – Скопје се водат судски спорови, по основ *на обврски према доверители,* камати и надомест на штета, чиј што главен долг за обврски искажани во денари изнесува 342.801 илјади денари и обврски искажани во евра изнесува 2.352.664 еур односно сите искажани во денарска противвредност во износ од 487.502 илјади денари и 7 постапки со неопределена вредност, од кои можат да произлезат потенцијални одливи на средства што не може конкретно да се квантифицираат до завршувањето на споровите. Ваквата состојба може да влијае на подобрување односно влошување на финансиското работење на МЖ Транспорт АД - Скопје во идните периоди.

7.6. Како позначајни судски спорови кои се водат против МЖ Транспорт АД – Скопје се издвојуваат следните предмети:

- Тужба од субјект во Прага, Чешка Република, поднесена во Основен суд Скопје 1 – Скопје во 2010 година, во врска со долгот кој што го има МЖ Транспорт АД - Скопје према Чешки железници, а кој потекнува од контокорентните односи, за користење на товарни железнички вагони во меѓународниот железнички сообраќај, за долг во период од 2003 до

31.07.2010 година. Со тужбата се предлага да се задолжи МЖ Транспорт АД - Скопје со долг од 615.162,64 еур со казнена камата во висина на едномесечна каматна стапка на ЕУРИБОР зголемена за 5 % сметано од денот на даденото признание на долг од 25.03.2009 до денот на конечната исплата. Постапката е во тек, а до денот на ревизија одржано е рочиште за главна јавна расправа на ден 26.09.2011 година.

- Тужба од Република Србија, Белград,поднесена во Основен суд Скопје 1 – Скопје во 2007 година, за надомест на штета по два основа: за изгубен углед во износ од 1.617.000 еур и за изгубена евентуална добивка во износ од 60.000 илјади денари, која произлегува од склучен договор од 2006 година, за продажба на 200 расходувани товарни вагони, кој што не е целосно реализиран односно 28 товарни вагони не се предадени на купувачот. Постапката е запрена `се до решавање по кривичната пријава која е поднесена во 2006 година од страна на тогашниот директор на МЖ Транспорт АД – Скопје. На 12.10.2011 година донесено е решение од Основното јавно обвинителство со кое се отфрла кривичната пријава против одговорните лица во МЖ Транспорт АД, со што постапката по тужбата за надомест на штета продолжува.

  Тужба од Фершпед АД Скопје, поднесена во Основен суд Скопје 1 – Скопје во 2003 година, за надомест на штета во износ од 90.000 илјади денари поради примена на повисок курс при пресметката за задолжување во фактурите, по договорот за железнички превоз на разни видови на стоки за период од 01.01.1993 до 2003 година. Проценката од веројатниот исход од овој случај неможе да се определи со разумна точност во овој момент.
- Тужба од Геотрејд, ДООЕЛ Скопје, поднесена во 2011 година, за долг во вкупен износ од 17.220 илјади денари по основ на неплатени фактури за набавени разни видови на стоки од 2008, 2009 и 2010 година, за што склучени се договори за купопродажба.

Имајќи ја во предвид висината на тужбените барања во делот на главниот долг, евентуалните пресметани и признаени камати и судските трошоци за водење на постапката може да се создаде можност за влошување на солвентноста и ликвидноста на Друштвото.

Ревизијата препорачува надлежните органи за управување и раководење со Друштвото МЖ ТРанспорт АД – Скопје во соработка со единствениот акционер, Владата на Република Македонија, да преземат конкретни мерки за подобрување на начинот на кој ја извршува дејноста МЖ Транспорт АД – Скопје за надминување на неповолната финансиска состојба.

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **2010** | **2009** |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 1,364,958 | 1,349,611 |
| Приходи по основ на употреба на сопствени производи, стоки и услуги | 184 | - |
| Останати деловни приходи | 902,090 | 901,347 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **2,267,232** | **2,250,958** |
| | | |
| | | |
| Материјални трошоци | 974,092 | 1,031,000 |
| Трошоци за бруто плати | 551,868 | 558,733 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 339,963 | 333,327 |
| Вредносно усогласување на на краткорочни средства | 9,282 | 30,390 |
| Останати оперативни трошоци | 331,393 | 226,829 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **2,206,598** | **2,180,279** |
| | | |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 34,710 | 43,869 |
| Приходи од учества на вложувања | - | 301 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 64,645 | 62,573 |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ | 30,699 | 52,276 |
| | | |
| | | |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | 30,699 | 52,276 |
| | | |
| **Данок од добивка** | **26,023** | **29,830** |
| | | |
| НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА | 4,676 | 22,446 |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **2010** | **2009** |
| | | |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 16,769 | 73,871 |
| Побарувања по основ на продажба | 92,025 | 51,117 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 197,374 | 36,332 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 71 | 291 |
| Други краткорочни побарувања | 42,210 | 20,355 |
| Платени трошоци за идните периоди | 18,028 | 11,215 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 16,519 | 12,773 |
| Залихи | 316,316 | 360,125 |
| **Вкупно тековни средства** | **715,548** | **627,739** |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални и материјални средства | 9,789,467 | 10,152,009 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 9,050 | 7,547 |
| **Вкупно нетековни средства** | **9,798,517** | **10,159,556** |
| **Вкупна актива** | **10,514,065** | **10,787,295** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачите | 414,205 | 453,606 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 28,430 | 34,385 |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | 1,053,171 | 1,129,097 |
| Краткорочни обврски од финансирање | 4,653,280 | 4,515,969 |
| Останати краткорочни обврски | 51,716 | 49,762 |
| Одложени плаќања на трошоци | 4,671 | 98,498 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **6,205,473** | **6,281,317** |
| **Нетековни обврски** | | |
| Долгорочни обврски | 871,133 | 1,073,195 |
| | | |
| **Капитал и резерви** | | |
| Капитал | 4,268,888 | 4,268,888 |
| Акумулирана добивка | 17,957 | 0 |
| Нето добивка | 4,676 | 22,446 |
| Пренесена загуба | 854,062 | 858,551 |
| **Вкупно капитал и резерви** | **3,437,459** | **3,432,783** |
| **Вкупна пасива** | **10,514,065** | **10,787,295** |

П Р Е Г Л Е Д

ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Капитал | Акумулирана добивка | Добивка за финансиската година | Пренесена загуба | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2010 година** | **4,268,888** | **22,446** | - | **(858,551)** | **3,432,783** |
| Уплати на акции | | - | | | - |
| Добивка за финансиска 2010 година | - | - | 4,676 | - | **4,676** |
| Распределба на добивката за 2009 година во корист на капиталот и резервите | | | | | - |
| Распределба на добивката за 2009 година за дивиденди | | | | | - |
| Ревалоризациона резерва за годината | | | | | - |
| Распределба на ревалоризациона резерва | | | | | - |
| Загуба за финансиска година | - | - | - | - | - |
| Покривање на загубата на терет на капиталот | - | - | - | - | - |
| Покривање на загубата на терет на добивката | - | (4,489) | - | 4,489 | - |
| Останати неспомнати промени кои влијаат на капиталот и резервите | - | | | - | - |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **4,268,888** | **17,957** | **4,676** | **(854,062)** | **3,437,459** |

| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2010 ГОДИНА | |
|---|---|
| | во 000 денари |
| | **2010/2009** |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ | |
| НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | **30,699** |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на | |
| обртни средства: | |
| Амортизација | 339,963 |
| Расходи од отпис на побарувања и кусоци | 9,282 |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | 185,697 |
| Приходи од отпис на обврски | (4,442) |
| Данок од добивка | (30,601) |
| Дел од добивка за дивиденди | 0 |
| **Готовински текови од работење** | **530,598** |
| Побарувања по основ на продажба | (40,908) |
| Побарувања од поврзани субјекти | (161,042) |
| Краткорочни финансиски вложувања | 220 |
| Други краткорочни побарувања | (21,855) |
| Платени трошоци за идните периоди | (6,813) |
| Побарувања за дадени аванси депозити и кауции | (3,746) |
| Залихи | 43,809 |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | 45,424 |
| Обврски спрема добавувачи | (39,401) |
| Примени аванси, депозити и кауции | (5,955) |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | (75,926) |
| Краткорочни обврски од финансирање | 137,311 |
| Останати краткорочни обврски | 1,954 |
| Одложени плаќања на трошоци | (93,827) |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **309,843** |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ | |
| Долгорочни финансиски вложувања | (1,503) |
| Нематеријални и материјални вложувања | (163,380) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(164,883)** |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ | |
| Обврски по долгорочни кредити | (202,062) |
| Капитал | - |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **(202,062)** |
| НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА | **(57,102)** |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА | **73,871** |
| | |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА | **16,769** |

МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ
ТРАНСПОРТ А Д - СКОПЈЕ

БРОЈ: 123/1

ДАТУМ: 27.01.2012

**ДО**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**За Главен државен ревизор**
**м-р Тања Таневска**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 30.01.2012 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 18 | 295 | /1 | |

**ПРЕДМЕТ:**
Известување и доставување на акти во врска со Нацрт-извештајот на Овластениот Државен Ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и Ревизија на усогласеност на Македонски железници Транспорт АД-Скопје за 2010 година, број 18-418/5 од 29.12.2011 година

Почитувани,

Во врска со горе наведениот Ваш акт, во прилог Ви се доставуваат забелешки, мислења и одговори со соодветна документација и тоа:

а) Акт број 15/1 од 26.01.2012 година-забелешки од Одделение за контрола на шриходи и Одделение за книговодство на МЖ Транспорт АД-Скопје.

б) Акт од 25.01.2012 година-одговор на забелешки од Овластен државен ревизор од Одделение за набавки.

в) Акт за рокови на ревизија на товарни вагони.

г) Акт од 25.01.2012 година за поправка на патнички вагони.

д) Акт број 106/1 од 24.01.2012 година кој се однесува на:

- Регулирање на постапката на сопственост на градежни објекти на МЖ Транспорт АД-Скопје;
- Судски предмети;
- Општи акти на МЖ Транспорт АД-Скопје.

Со почит,

**УПРАВЕН ОДБОР**
**НА МЖ ТРАНСПОРТ АД-СКОПЈЕ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Оливер Деркоски**

МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ ТРАНСПОРТ АД СКОПЈЕ


МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ ТРАНСПОРТ АД - СКОПЈЕ
1000 СКОПЈЕ, УЛ. „Трета македонска бригада" б.б., Поштенски фах 547, Тел: (02) 3248 701
Централа: (02) 3116 773, Телефакс: (02) 3248 719, E-mail: mztransportad@t-home.mk
Жиро сметка: 210062528260160, ЕДБ МК 4030007643250, Депонент: NLB ТУТУНСКА БАНКА - СКОПЈЕ

МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ
ТРАНСПОРТ А Д - СКОПЈЕ

БРОЈ: 106/1

ДАТУМ: 24.01.2012

ДО
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

**Предмет:**
Известување и доставување на акти по Извештај на Државен Завод за Ревизија за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност на МЖ Транспорт АД-Скопје од Декември 2011 год.

Почитувани,

Во врска со горе наведениот Ваш акт Ве известуваме за следното:

1. Во врска со делот кој се однесува на МЖ Транспорт АД-Скопје и со кој се препорачува да се преземат мерки и активности за запишување на сопственоста на градежните објекти кај надлежните катастри (страни 26 и 27), Ве известуваме за следното:

а) МЖ Транспорт АД-Скопје го запиша правото на сопственост на градежните објекти кај надлежните катастри и тоа:

Прилог:
- Имотен лист број 55403 Катастарска општина Кисела Вода 2;
- Имотен лист број 70150 Катастарска општина Битола 5;
- Имотен лист број 29420 Катастарска општина Велес;
- Имотен лист број 35596 Катастарска општина Гевгелија;
- Табели на градежни објекти и делови на градежни објекти Депо Лисиче-Кисела Вода, Битола, Велес, Гевгелија, Трубарево Ранжирна и Железара.

б) Прашањето за легализација на објекти (3 резервоари за нафта во Депо Лисиче и 2 резервоара во Трубарево Ранжирна-секој со капацитет од по 1000м3) се решава пред надлежните органи во општините Аеродром и Гази Баба.

Во најкус можен рок очекуваме тоа прашање да се регулира, а посебно пред Општина Аеродром чии органи излегова на лице место во Депо Лисиче на 23.12.2011 година.

в) Со акт на Влада на Република Македонија број 51-7070/1 од 28.11.2011 година се укажува МЖ Транспорт АД-Скопје да изработи геодетски елаборати на објектите во Трубарево Ранжирна и Железара.

МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ ТРАНСПОРТ АД - СКОПЈЕ
1000 СКОПЈЕ, УЛ. „Трета македонска бригада" б.б., Поштенски фах 547, Тел: (02) 3248 701
Централа: (02) 3116 773, Телефакс: (02) 3248 719, E-mail: mztransportad@t-home.mk
Жиро сметка: 210062528260160, ЕДБ МК 4030007643250, Депонент: NLB ТУТУНСКА БАНКА - СКОПЈЕ

Прилог: Акт број 51-7070/1 од 28.11.2011 година.

2. Во врска со делот кој се однесува на позначајните судски спорови кои се водат против МЖ Транспорт АД-Скопје (страна 39-40), Ве известуваме за следното:

а) По предметот-тужба од Чешки железници постапката е во тек. Закажано е вештачење на 25.01.2012 година. Спорот продолжува;

б) По предметот-тужба од Република Србија (Комбиновани превоз ДОО Београд) известуваме дека:

- Со решение на Основен суд Скопје 2 Скопје број V.ПС.бр. 3090/07 се прекинува постапката против МЖ Транспорт АД-Скопје;

- Со решение на Апелационен суд Скопје ТСЖ.бр. 1736/09 се одбива жалбата на тужителот и се потврдува решението на Основен суд Скопје 2.

Прилог: Решение број V.ПС.бр. 3090/07
Решение број ТСЖ.бр. 1736/09

Понатамошниот тек на постапката ќе зависи од завршување на кривичната постапка што се води пред Основен суд Скопје 1 КИ. бр. 1400/07.

в) По предметот-тужба од АД Фершпед Скопје главниот долг е сведен на 23.735.303,00 денари. Има пресуда.

Прилог: Пресуда 8 ТС-613/11 на Основен суд Скопје II Скопје.

Не ни е познато дали има жалба од тужителот Фершпед.

г) По предметот-тужба од Геотрејд ДООЕЛ Скопје во тек е постапка за спогодбено вонсудско решење на спорот.

3. Во врска со општите акти на ниво на МЖ Транспорт АД-Скопје (страна 12-13) известуваме за следното:

а) Изработен е Предлог Колективен договор на МЖ Транспорт АД-Скопје и доставен до репрезентативните синдикати.

Прилог: - Текст на Колективен договор
- Доставување на Колективниот договор до репрезентативните синдикати.

Се очекува во најкус можен рок Колективниот договор на МЖ Транспорт АД-Скопје да биде потпишан.

б) Изработен е и донесен Правилник за внатрешна организација на Подружница за влеча на возови (теоретски, табеларен и описен дел).

Во најкус рок очекуваме да се донесе Правилник за внатрешна организација и систематизација на МЖ Транспорт АД-Скопје, а за што и ќе Ве известиме.

Со почит,

**Директор**
**за правни работи, човечки ресурси**
**и корпоративни функции**
**Божидар Цветковски**

МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ
ТРАНСПОРТ АД - СКОПЈЕ
Бр. 15/1
26. 01. 2012 20 год.
СКОПЈЕ

**ДО**
**ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР**
**НА МЖ ТРАНСПОРТ АД-СКОПЈЕ**

**Забелешки од ОКП И Одделението за книговодство по Нацрт-извештај од ДЗР**

4.1.2 Одделение за контрола на приходи е одделение чија основна задача е контрола на приходите во патничкиот и товарниот железнички сообраќај.

Контролата во патничкиот сообраќај се извршува преку обработка на сите продадени карти во локалниот и меѓународниот сообраќај, при тоа се врши споредба на наплатените износи со пропишаните по тарифи и меѓународни спогодби. Доколку се утврдат разлики (помалку пресметано) се испоставуваат контролни забелешки на товар на кондуктерот или благајникот и истите се наплатуваат од нив и се уплаќаат во МЖ Транспорт АД-Скопје како приход од патнички сообраќај.
Одделение за контрола на приходи во товарниот сообраќај го обработува (пресметува) секој товарен лист кој доаѓа во одделението и тоа со пополнети дневни и месечни сметки. Се обработуваат сите товарни листови ( во внатрешен и меѓународен сообраќај) и тоа посебно за увоз, извоз и транзит за сите превезени стоки.
Пресметката се врши како би се направила контрола на наплатените приходи и се утврдува разлика (повеќе или помалку наплатено) во склад со тарифите и склучените договори.
За секој изминат месец се врши салдација на транспортните приходи и Извештајот се испраќа до сите странски железнички управи кои учествувале во превозот на УИЦ договори и Фиша 304 кои се применуваат во меѓународниот сообраќај.
Спецификациите кои се прилог на фактурите, се изготвуваат од страна на благајниците на станиците и се испраќаат до финансово

26. 01. 2012

одделение кое ја изготвува фактурата, по цени од склучениот договор со комитентот. По изготвување на фактурата примерок од истата со прилог спецификација се испраќа до нашето одделение каде се врши споредба со товарните листови и се проверува дали е исправно извршено фактурирањето и при тоа секој вагон од спецификацијата се штиклира со црвено пенкало ако е исправно извршена пресметката по оригиналниот товарен лист и склу;ен договор.

Доколку се утврдат разлики, помалку или повеќе пресметани превозни трошоци се изготвува допис до финансово одделение во кој се нагласува по која спецификација, по кој товарен лист и по кој член од склучениот договор е направена грешка во пресметката и дали треба да се даде одобрение или задолжување на комитентот од страна на финансово одделение. Овие дописи се испраќаат со потпиес од страна на референтот кој ја извршил контролата, потпис од шефот и од раководителот на Одделение за контрола на приходи.

Што се однесува на забелешката за намалување на цените за 0,65 евра/тон, од станица Скопје Југ, Одделението за контрола на приходи добива допис од станицата, кој го пополнува образецот Кол 4 дека следува повластицата од 0,65 евра/тон и Одделението за контрола на приходи го прифаќа дописот како веродостоен доцумент.

За дополнителното намалување по 0,35 евра/тон, од страна на станицата согласно чл. 2, т.5, по основ на локално царинење, за Одделението на контрола на приходи веродостоен документ е оригиналниот товарен лист на кој е ставен зелен печат од страна на царина, како и печат од страна на комитентот со кој потврдува дека е извршено локално царинење за што во прилог Ви доставуваме копии од два товарни листови како доказ.

4.1.4 МЖ Транспорт АД-Скопје ке спроведе имплементација на електронска евиденција на побарувањата и обврските во странска валута. Што се однесува за ефектот на денот на билансирањето на побарувањата и обврските по основ на курсни разлики не постојат никави потценувања/преценувања во Друштвото.

4.2.3 МЖ Транспорт АД-Скопје нема влијание, бидеќи сите книжења врз основа на извршена проценка се спроведени во

Ј.П.Македонски Железници, а МЖ Транспорт АД-Скопје ги презеде со поделбата.
4.2.5 Во МЖ Транспорт АД-Скопје изготвени се пописни листи по локација и големина и е извршен физички попис во одредениот законски рок. Дел од извештаите на пописните комисии се потпишани само од председателите на пописните комисии,а во тековнава година ќе се потпиешат и од сите членови на комисиите. Пописот на расходованите средства ќе се изврши во тековнава година,а истите се водат вонбилансно.
4.2.6 Неангажираните основни средства ќе се водат и треба да се водат во книговодството мегутоа за нив не се пресметува амортизација согласно МСС 16 и МСС 36. Во тековнава година дадени се упатства да се изврши согледување на фактичката состојба на сите неангажирани шински транспортни средства, по кое Управниот Одбор ќе донесе Одлука за повлекување од употреба.
4.3.1 МЖ Транспорт АД-Скопје во текот на 2009 год. склучи Глобални и Билатерални договори со странски железници за обврски 1996-2006 и 1991-1995 год. при што на друштвото му се дадени дисконти по главници и камати. Во зависност од договорите кредитите се исплаќаат на рати и во различни временски периоди. Последен термин за отплата е 2012 година и досега немаме забелешки од странските железници-доверители за досегашната исплата. Согласно тоа МЖ Транспорт АД-Скопје одлучи годишно да ги приходува дисконтитете по главници и камати според рокот на враќање со Одлука на Управниот одбор и согласно Сметководствената политика.
4.3.2 Согласно Извештајот на независната ревизија за 2009 год. е обелоденета забелешка на обврските спрема добавувачите кои произлегуваат од почетниот биланс при поделбата на старото железничко претпријатие на два нови правни следбеника, а се однесува за персонален данок(126.593.674.00 ден) и придонес од плата(32.028.607.00ден.) и истите беа регулирани согласно законските прописи. Согласно тоа Друштвото изврши рекласификација на обврските во износ од 158.622.341.00 ден.
4.3.7 Расходованите средства се водат вон билансно, а во тек е нивно инвентарисување, односно изготвување на пописни листи. Инаку истите не имплицираат никакви финансиски ефекти.

4.3.8 Несогласувањето произлегува од проценетата вредност на почетниот биланс при поделбата на Ј.П. Македонски Железници на два нови правни следбеника и истиот во наредниот период се корегира.
4.3.9 Со ревизорскиo извештај за Утврдување на причините за појавата на дебалансот во билансот на состојба на МЖ Транспорт АД-Скопје за годината што завршува декември 2008 година се изврши дисбалансирање и се изготви ревидирана завршна сметка за 2008 година. Ревидираната завршна сметка е доставена на 14 септември 2009 година до Централниот Регистар, Одлука за прифаќање на МЖ Транспорт АД-Скопје бр.693/1-1 од 14.09.2009 годинаи Извадок од нацрт записник од деведесетишестате седница на Владата на Република Македонија бр.19-3499/1 од 04.09.2009 година. Со тоа во потполност е извршено дисбалансирање на податоците од завршната сметка за 2008 година.
4.3.10 МЖ Транспорт АД-Скопје секој пресметковен период ќе врши објективно вреднување на долгорочните финансиски средства по основ на добиени 52 обични акции.
4.3.14 МЖ Транспорт АД-Скопје најмалку еднаш годишно вршИ усогласување на побарувањата/обврските со коминтентите во земјата и странство.
4.4.1 МЖ Транспорт АД-Скопје,Министерството за Финансии и ЕУРОФИМА на ден 20.12.2011 година се договорија двата договори кои беа стасани да се репрограмираатс ,а се однесуваат за регулирање на понатамошните услови за изнајмување-продажба на лизинг по пат на финансирање(прилог-Договори).

| РАКОВОДИТЕЛ<br>ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КНИГОВОДСТВО | ДИРЕКТОР<br>ЗА ЕКОНОМСКО ФИНАНСИСКИ РАБОТИ |
|---|---|
| Александар Стојкоски | Вера Панова |

МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ ТРАНСПОРТ АД СКОПЈЕ

**До**
**МЖ Транспорт АД - Скопје**
**Генерален Директор**
**Оливер Деркоски**

Предмет:
Одговор на извештај на овластен Државен Ревизор по точките 4.3.3 и 4.3.6

**I Рокови на ревизија на товарни вагони**

1. Согласно точката 1.3 и 1.3.1 рокови за периодична поправка (ревизија), поглавје С - превентивно одржување на товарни вагони, прилог 10 кон AVV – Општиот Договор за користење на товарни вагони максималниот рок на ревизија (периодична поправка) на товарните вагони изнесува 6 (шест) години со евентуално продолжување од 3м (месеци).

Од изнесеното не е можно да се наведат броевите на вагоните по тип и серија кои се наведени при склучувањето на Договорот (наведени се 8 серии на товарни вагони) од причина што рокот на ревизија не истекува во еден исти ден туку во текот на целата година, за што МЖ Транспорт АД Скопје има точна евиденција.

Втора причина зошто не се наведени броевите на вагоните е тоа што се оценува колку вагони и од која серија се потребни за извршување на превозите во товарен сообраќај, а врз основа на деловните контакти со корисниците на железничкиот превоз.

МЖ Транспорт АД Скопје не е должен по ниеден меѓународен или внатрешен пропис да врши ревизија на секој вагон веднаш по завршување на истата.

2. Во член 2 од Договорот склучен помеѓу МЖ Транспорт АД Скопје и ДОЕЛ Фабрика за шински возила "Велес" се потврдени, усогласени и наведени поединечни цени во евра за сите серии на товарни вагони.

3. Рокот на времетраење на Договорот неможе да биде фиксно одреден од причини што не може во еден ден да бидат упатени сите 60 вагони на ревизија, бидејќи ревизијата на истите истекува во различни временски периоди.

Во член 7 од Договорот е прдвидено да после влегувањето на еден вагон на поправка кај извршителот на работите деновите на завршување на истиот изнесува 60 дена.

4. Обемот на работа по фази и операции со норма часови се утврдени во членот 6 од Договорот односно спрема Правилникот за одржување на железнички возила - 241 и важечките стандарди на UIC и AVV.

Точка 4.3.6

Во врска со наодот во оваа точка обезбеден е соодветен стручен кадар и од пред 4 месеци спецификациите и дневните извештаи се потпишуваат од оговорни лица од ЈП Инфраструктура и МЖ Транспорт АД Скопје со предходно усогласени податоци од вистинскиот графикон и патниот лист, со што се потврдува исправноста на извршената услуга.

Директор на товарен сообраќај

Тане Стојкоски

МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ
ТРАНСПОРТ АД - СКОПЈЕ
Бр. 100
26.01.2012 год.
СКОПЈЕ

# МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ
# ТРАНСПОРТ АД - СКОПЈЕ
## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НАБАВКИ

Ул.III Македонска бригада-бб, 1 000 Скопје,Р.Македонија ☎ 3248723; 075427081 ; факс 3248727

До
Дирекција
Директор за економски работи
Г-ѓа Вера Панова
Скопје

Наш знак ИС Скопје, 25.01.2012 год.

Предмет: Одговор на забелешките
на ревизорскиот извештај
од овластен државен ревизор.

Во врска забелешките на ревизорскиот извештај од овластен државен ревизор го констатираме следното:

**Точка 4.4.3 став 1,2 и 3** за платени аванси, Одделението за набавки постапило согласно склучените договори со фабриката за шински возила "ВЕЛЕС"-Велес.

**Точка 4.4.3 став 1 и 2** Ги прифаќаме забелешките од страна на овластениот државен ревизор.

**став 3** Во техничките спецификации не се предвидени количини пред се поради неможноста да се предвидат однапред колку и какви дефекти ќе настанат, поради големата застареност на возниот парк. Сметаме дека е постапено во согласност со ЗЈН во делот на рамковни договори.

**став 4** Констатираната забелешка ја прифаќаме.

**став 5** Забелешката ја прифаќаме, меѓутоа се работеше за само еден економски оператор пријавен на огласот, како и поради итноста за поправка на товарните вагони, се склучи договор пред истекот на 5/пет/ дена.

**став 6** Што се однесува до забелешката за поедноставена тендерска документација за мали набавки ја прифаќаме, со напомена дека во барањата за доставување на понуди се содржани критериумите за избор на најефтина понуда со рок на плаќање и начин на плаќање.

**став 7** Сметаме дека забелешката не е соодветна, бидејќи избран економски оператор задолжително доставува документ за утврдување на способноста за вршење на професионална дејност/ДРД/.

**став 9** Што се однесува до забелешката за набавка на нафта и нафтени деривати декс сме ги надминале количините по склучениот договор забелешката ја прифаќаме, со напомена на следните околности:

-Објавен е оглас бр. 104/2 од 22.02.2010 година. Постапката е поништена, бидејќи не беше поднесена ниту една прифатлива понуда / недоставена банкарска гаранција за учество иако се бараше во тендерската документација/. Од тие причини се објави веднаш нов Оглас бр. 373/2 од 28.04.2010 година и поради вредноста на одлуката за јавна набавка истиот траеше 52 дена, а се оддолжи и рокот додека се склучи договорот /06.08. 2010 година/.

- Во периодот додека не се склучи нов договор бевме принудени да вршиме набавки од претходниот економски оператор поради нормално извршување на железничкиот сообраќај.

Вашите препорки ги прифаќаме бидејќи ќе придонесат за унапредување на работењето на Одделението за набавки.

Со почит.

Шеф
Зоран Дионисијев

Шеф
Иван Симоновски

МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ
ТРАНСПОРТ А Д - СКОПЈЕ

**Бр.**
**25.01. 2012 год.**

Предмет: Одговор по ревизорски записник

Точка 4.3.5
По Став 1 од записникот од оваа точка Ви доставуваме технички опис за редовна работа по вид на вагонот тип "У" и тип "Z" и технички опис за дополнителна работа на вагоните од тип "У" и тип "Z".
Овие прилози се составен дел на Договорот за поправка-ревизиона поправка на патнички вагони склучен со Фабриката за шински возила-Велес.
Во однос на Фактурите за кои имате забелешка поради потпис Ве известуваме дека фактурите се потпишани и одобрени од К.П.О (контролно-приемен орган) кој се наоѓа во ф-ка за шински возила-Велес истовремено се задолжени за контрола на квалитетот-поправки во фази како и обемот на работа (редовна и дополнителна) и вградување на материјалот во вагоните.

Прилози: 3

МАКЕДОНСКИ ЖЕЛЕЗНИЦИ ТРАНСПОРТ АД - СКОПЈЕ
1000 СКОПЈЕ, УЛ. „Трета македонска бригада б.б., Поштенски фах 547, Тел: (02) 3248 701
Централа: (02) 3118 773, Телефакс: (02) 3248 719, E-mail: mztransportad@t-home.mk
Жиро сметка: 210062528260160, ЕДБ МК 4030007643250, Депонент: NLB ТУТУНСКА БАНКА - СКОПЈЕ

**Прилог бр. 4**

**Одговор
на забелешките на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор**

Законскиот застапник на Македонски Железници Транспорт АД - Скопје достави Забелешки под архивски број 123/1 од 27.01.2012 година на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2010 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 18-295/1 од 30.01.2012 година.

Овластениот државен ревизор ги разгледа забелешките на Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. Забелешката на **наодот 4.1.2.,** што се однесува на констатираните недоследности на воспоставените интерни контроли кај процесот на пресметување на приходот остварен од превоз на стоки и патници во домашниот и меѓународниот железнички сообраќај **не се прифаќа**. Во забелешките, субјектот ги објаснува воспоставените контроли во одделението за контрола на приходите во патничкиот и товарниот сообраќај што ревизијата го имаше во предвид. Со наодот ревизијата укажува на непотврдената сметководствена документација со потпис/печат од страна на одговорно лице, ликвидатор, кој треба да изврши формално правна и математичка контрола. Истото се однесува и за образецот КОЛ 4 кој не се приложува кон пресметката за извршеното намалување на цените за 0,65 еур/тон, од страна на Станицата Скопје - Југ, односно истиот останува во станицата, без да се изврши проверка и контрола со потпис од друго лице од одделението за контрола на приходите. Не оспорувајќи ги товарните листови потврдени со печат од царината кој ревизијата исто така ги имаше во предвид, кај дополнителното намалување на цените за 0, 35 еур/тон, не е приложен документ за потврда на пресметката.

2. Во врска со забелешката на **наодот 4.1.4.,** кој се однесува на невоспоставениот електронски систем за евидентирање и искажување на побарувањата и обврските во странска валута, **не се прифаќа,** од причина што со ревизијата утврдена е неусогласеност на побарувањата и обврските со странските железници во девизи искажани во помошната евиденција во финансовото одделение во однос на податоците за овие побарувања и обврски во сметководствената евиденција, со состојба на 31.12.2010 година, за која што субјектот спроведе книжење за нивно усогласување во текот на 2011 година.
3. Во врска со наодот даден во **точката 4.2.1.** кој се однесува на недонесен Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните

---

Ревизорски тим
1.________________
2.________________ Овластен државен ревизор
3.________________ ______________________________

места, субјектот **известува** за изработување на предлог Правилник за внатрешна организација и систематизација на работните места, кој `сеуште не е донесен.

4. Во врска со наодот даден во **точката 4.2.2.,** кој се однесува на правата и обврските на работниците и работодавецот, субјектот **известува** за изработување на предлог Колективен договор во 2012 година и негово доставување до репрезентативните синдикати, Синдикалната организација на железничари при МЖ Транспорт и Синдикалната организација на вработените во подружница за Влеча на возови, за кој субјектот очекува да биде потпишан во најкус можен рок.

5. Во врска со забелешката на **наодот 4.2.3.,** субјектот **известува** дека спроведените книжења се врз основа на извршената проценка во ЈП Македонски Железници, кои МЖ Транспорт АД ги има превземено со поделбата.

6. Забелешката што се однесува на наодот од **точката 4.2.5.,** за спроведувањето на пописот на градежните објекти, основни средства и патничките вагони, субјектот **известува** дека се превземаат мерки за спроведување на препораката односно извршување на попис согласно законската регулатива.

7. За наодот констатиран во **точката 4.2.6.,** субјектот **известува** за превземените мерки, односно дека се дадени упатства за да се изврши согледување на фактичката состојба на сите неангажирани шински транспортни средства по што Управниот одбор треба да донесе Одлука за повлекување од употреба.

8. Забелешката дадена на наодот во **точката 4.3.1.,** кој се однесува на склучените Глобални и Билатерални договори со странските железници за неплатените обврски од 1996-2006 и 1991 и 1995 година и дадените условни дисконти по кредити и камати, **не се прифаќа**. Со ревизијата се констатира дека МЖ Транспорт АД - Скопје ги има априходувано и отпишано условните дисконти, иако не е вршено навремено и редовно плаќање на ратите согласно планот за отплата утврден во договорите.

9. Забелешката на констатираната состојба на наодот во **точката 4.3.2.,** која се однесува на искажаниот приход од поранешни години кој потекнува од зголемената вредност на обврските од извршената проценка преставува **известување** за начинот на постапување на субјектот и рекласифицирање на овие обврски.

---

Ревизорски тим

1.________________

2.________________

3.________________

Овластен државен ревизор

____________________________

10. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.3.,** која се однесува на трошоците за тековно одржување – ревизија на товарни вагони (средна поправка), **не се прифаќа.** Одговорните лица на МЖ Транспорт АД Скопје ги објаснуваат причините за утврдените недоследности.

11. Забелешката на **наодот 4.3.5.,** која се однесува на извршените услуги за поправка на патнички вагони **не се прифаќа,** од причина што не се доставени дополнителни докази со кои ќе се оспори констатираната состојба, а доставените прилози за технички опис на редовната и дополнителната работа за двата типа на патнички вагони, ревизијата ги имаше во предвид и истите не се коментирани во наодот.

12. Забелешката на констатираната состојба **во точката 4.3.6.,** која се однесува на трошоците за пристап и користење на железничката инфраструктура преставува **известување** за превземање на мерки за надминување на констатираните слабости со потврдување со потпис од одговорните лица.

13. Забелешката на утврдената состојба во **точката 4.3.7.,** која се однесува на состојбата и евиденциите на расходуваните средства, претставува **известување** дека се превземаат мерки за нивно инвентарисување и изработка на пописни листи.

14. За констатираната состојба од наодот утврден во **точка 4.3.8.,** субјектот **известува** за причините за несовпаѓањето на податоците искажани во финансиските извештаи со податоците во трговските книги.

15. За забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.9.**, субјектот **известува** за причините за појава на дебалансот во финансискиот извештај – биланс на состојба.

16. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.10.,** која се однесува на објективното проценување на долгорочните средства/акции, претставува **известување** за постапување на субјектот во наредниот период.

17. Наодот од **точката 4.3.11.,** кој се однесува за запишување на сопственоста од страна надлежните органи, субјектот **известува** и доставува имотни листови за впишан недвижен имот што ревизијата го истакнува во последниот пасус од наодот.

18. Забелешката на констатираната состојба на **точката 4.3.14.,** која се однесува на меѓусебното конфирмирање и усогласување на побарувањата и обврските преставува **известување** за постапување на МЖ Транспорт АД.

---

Ревизорски тим

1.________________

2.________________

3.________________

Овластен државен ревизор

____________________________

19. Забелешката на **точката 4.4.1.,** која се однесува на продажба на лизинг на шински транспортни средства на лизинг од 2000 и 2001 година и регулирање на нивната сопственост претставува **известување** за превземање на мерки во соработка со Министерството за финансии за надминување на состојбата односно репрограмирање на договорите.

20. Забелешката на наодот во **точката 4.4.2.,** која се однесува на одобрените аванси по склучени договори за набавка на услуги- тековно одржување на железничките возила, преставува **известување** за постапување на субјектот кое ревизијата го имаше во предвид.

21. Субјектот ги прифаќа наодите на ревизијата дадени во **точката 4.4.3.,** која се однесува на недоследности констатирани при спроведувањето на постапките за јавни набавки, освен во делот на: **алинеја 3,** во која субјектот ги објаснува причините за утврдените состојби и **алинеја 7,** за што не се доставени дополнителни докази за да се оспори утврдената состојба поради што ревизијата **не ги прифаќа**.

22. На обелоденувањата дадени во делот на нагласување на прашања за неизвесност или континуитет - судски спорови, **точка 6.8.**, субјектот **известува** за статусот на судските постапки кои се во тек.

---

Ревизорски тим

1.________________

2.________________

3.________________

Овластен државен ревизор

____________________________